СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 51-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 15.XII.1992 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН - 5, 46, 47, 51, 72, 81, 91
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 19, 24
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 50
4. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 66, 69
5. БОШКОВ ЈОРДАН - 7
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 29, 61, 64, 83, 93, 94, 98
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 48
8. ЈОВАНОВ РИСТО - 4, 5, 45
9. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 59, 63, 64, 65, 83
10. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 4, 11, 12
11. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 67
12. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 24, 25, 26
13. МИНОВ ПАНЧЕ - 67, 102
14. ПОП0ВСКИ НИКОЛА - 71
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 22, 25
16. ПОПОВСКИ КИРО - 12
17. ПЕТРОВ ТОДОР - 45, 47, 48, 65, 77, 80, 92, 96
18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 8, 80, 81, 87, 88, 89, 90, 92, 95
19. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 9, 48, 65, 67, 90
20. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 75, 99
21. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 97
22. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 73


продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од второто продолжение на 51-та седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 15 декември 1992 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала бр.1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, службите да ги повикаат сите пратеници, бидејќи имаме акти кои се донесуваат со двотретинско мнозинство и потребно е на почетокот на седницата да констатирам дека имаме доволен број пратеници за да можеме да одлучуваме.

Молам, сите да дојдат внатре.

Комисиите да престанат со работа и да дојдат пратениците овде да работиме па на некоја од паузите нека продолжат.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службата да ги изброи и го утврди точниот број на пратениците и да видиме дали можеме да почнеме со работа.

Повикајте ги и претставниците на Владата нека дојдат овде.

Имаме присутно 8 2 пратеници и со оглед на тоа што имаме точки кои треба да ги донесеме со двотретинско мнозинство.

Продолжуваме со работа.

Пратениците Љубисав Иванов и Наум Силјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека Никола Крстевски, претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Собранието да започне со предлозите на одлуките за избори, именувања и разрешувања со оглед на можноста од пролонгирање на седницата, а поради тоа што повеќе рокови сврзани со предложените одлуки се веќе поминати.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Минуваме на **точката 16** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за извор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на **<u>точката 17</u>** - <u>Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

Минуваме на **<u>точката 18</u>** - <u>Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Прво, претседателе мене не ми е јасно, со самото ставање на дневен ред за овие членови од Уставната комисија, мислам на надворешни членови,да бидат променети. Во деловникот стои една одредба каде стои ако еден надворешен член три пати не присуствува на седница, тогаш може да се побара негово сменување од комисијата.

Второ прашање кои се причините за промена на членовите Костурски и Коле Мангов, дали слабо ја извршувале работата или ако нешто напишат во "Нова Македонија" или "Вечер" било против вас господине претседателе, против претседателот Киро Глигоров или против ВМРО-ДПМНЕ и на некои не им одговара и ќе ги менуваме. Ова ме потсеќа на старо време, да не речам во времето на монизмот ако некому му се случи нешто да му ја смениме или да му ја исечеме главата, веднаш ќе го промениме. Затоа барам од самиот предлагач да видиме зошто се променуваат овие членови од комисиите, по кој основ?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господинот Крстевски да даде образложение, бидејќи тој е претседател на Комисијата.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Комисиите како работни тела на Собранието се формираат на основа договор помеѓу политичките партии. Така е извршен составот. Измените во овие комисии нема посебна регулатива по кој основ се вршат измените, меѓутоа, секоја партија преку својот координатор за подобрување на предложените членови и за поголема активност во работните тела може да изврши измена и не е во спротивност со ни еден пропишан акт во рамките на Собранието.

Оваа измена е иницирана од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со цел да врши претходно предложените надворешни членови на Уставната комисија предлагаат да се заменат со нови членови тоа се м-р Блаже Муратовски - адвокат, во писмена форма точно е дадено, кои сметаат дека со овие членови ќе се даде поголем придонес во Уставната комисија.

Во рамките на Комисијата за избор и именувања ова беше поддржано, бидејќи се заснива на претходно договорените партиски разговори за поделба и учество во работните тела на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Воопшто не се согласувам со претседателот на Комисијата за избори и именувања. Тој цитира нешто дека во ништо не се пречи, јас го предупредувам дека во Деловникот изрично стои дека надворешен член може да биде разрешен само ако не присуствувал три пати. Ако Уставната комисија констатира едно по друго или било како е уредено, ако не присуствува три пати, тогаш може да биде разрешен, а вака во овој случај само некому не му е исполнета волјата значи не ги бранел неговите интереси, испаѓа дека не сме на иста релација со претседателот. Затоа апелирам до останатите пратеници нека совесно си уа извршат задачата да речам уставна во овој случај и нека гласаат по својата совест, а не по совест на некој кој сака да наложи дека не му се допаѓа овој член на Уставната комисија, дали не ги брани некои свои интереси или кажал некоја реченица против неговата партија, да не прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам да кажам нешто во врска со ова.

Прво, би кажал за тоа зошто е оваа точка на дневен ред. Оваа точка е на дневен ред заради тоа што Комисијата за избори и именувања достави формиран предлог на одлука Собранието да ја донесе. Дали ќе ја донесе или не, дали е правилно или не, за тоа одлучува Собранието, никој во постапка тоа не може да го запре. Некому што му се чини дека деловникот му дава право на претседателот да го запре ходот на тој предлог, фактички не го познава деловникот и не ја познава доволно работата на Собранието.

Тоа е што се однесува на деловничката страна. Според тоа, штом пратеничка група предложила и е дадено во постапка овде, тоа мора да се даде во постапка и мора да дојде овде на Собранието. Тоа е една работа, а не заради тоа што господинот Коле Мангов како што во своето писмо пишува дека затоа што се замерил со претседателот на Собранието или претседателот на Републиката или на левиот блок, иницијативата за да биде тој разрешен од оваа комисија, а да дојде друг е од страна на Пратеничката група ВМРО-ДПМН

Би кажал нешто друго за овој предлог. Јас сум претседател на оваа комисија и ако ми дозволите да си го кажам моето мислење и моите впечатоци за работата и учинокот на овие двајца господа господинот Пандил Костурски и господинот Коле Мангов. Тие и на почетокот беа предложени од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во консултации кои беа обавувани во рамките на Комисијата за избори и именувања. Тие се од оној дел на стручни и научни работници. Во работата на комисијата господинот Пандил Костурски и господинот Коле Мангов воглавно заземаа ставови, многу често, и изнесуваа аргументи кои почесто не се согласуваа со моите гледишта. Се разбира тоа е нивно право. Мислам дека вкупно нивниот учинок во оваа комисија е значаен, јас многу

го ценам и мислам дека тие луѓе работеа во согласност со стручноста која ја имаат која никој не може да ја спори и работеа во согласност со својата совест. Според тоа, мислам дека ние многу голем удар на слободното мислење ќе нанесеме ако луѓето кои не се согласуваат со нас многу брзо сакаме да ги промениме. Со тоа фактички прво тие луѓе ги замолчуваме и друго, на тие што ги предлагаме им даваме на знаење дека ги предлагаме за да строго не слушаат без оглед на нивната стручност и нивната научна подготовка и нивната совест. Тој метод на работа јас не го поддржувам и мислам дека Собранието значајно ќе погреши ако овие господа сега ги разреши и наместо нив доведе други луѓе по овој повод кои исто така ги ценам и мислам оти ќе имаат прилика кога да бидат избрани во некое друго тело или во ова тело, но мислам оти на слободното мислење, на слободната совест и искажување во согласност со својата совест на членовите на комисијата надвор од пратеничкиот состав кои се избирани по друг критериум не смееме да зададеме удар и затоа јас ќе гласам против оваа одлука.

Молам, дали уште некој бара збор?

За збор се јави Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, мене оваа расправа ми личи сосема непотребна, едноставно кога се конституираше Парламентот, а потоа и комисиите во неговите рамки сторени се грешки во чекори, грешки кои ги направиле можеби сите или барем одговорни би биле сите до некаде. Таа комисија делува во законодавното тело, а членува таму човек од правосудната власт. Според тоа, мислам дека е редно на тој момент да се обрне внимание и да не се мешаат властите. Мислам дека бевме децидни член

на извршната власт не може да биде член на Парламентот и на таа основа сметам дека некои надворешни членови од комисиите ги разрешувавме така што ќе мораме и околу ова да бидеме совесни и да продолжиме.

Инаку, по однос на искажувањето дека тука се форсира едноумие или полтронство или послушност, јас би кажал само едноставно не сме сфатиле до крај која е одговорноста во ударниот амбиент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, во ова собрание прв чекор што го направивме тоа беше договор околу конституирањето на работните тела. Беше договор помеѓу пратеничките групи, односно помеѓу партиите кои се застапени со пратеници во ова Собрание за дел од работните тела кои ќе бидат пополнети со надворешни членови секоја партија од оние кои имаат пратеници да ги пополнат тие тела. Помеѓу другите и господата Мангов и Костурски беа предложени од пратеничката група и од партијата ВМРО-ДПМНЕ тие да бидат како надворешни членови во Уставната комисија на ова Собрание.

Ако останеме доследни на ова сега дека сме се договориле како ќе ја организираме работата внатре во Собранието да останеме и на начелната согласност дека оние кои дале предлог за одредени лица без оглед кои се и што се да можат тие лица да ги менуваат по свои видувања. Овде не станува прашање односно збор дали овие лица не слушале што им се наложува од Партијата ВМРО-ДПМНЕ, па ние имавме избрани пратеници во ВМРО-ДПМНЕ во ликот на господинот Ристо Јованов, тој сега без да

праша некој отиде во друга партија ние не му се лутиме, од каде таа смелост и дрскост на истиот господин денеска овде да говори дека некој бил насилно отстранет од пратеничко тело. Ве молам, сакам да кажам една работа. Ако некој се предлага од некоја политичка целина тој навистина покрај другото ќе има и платформа од таа целина. Ние не сакаме да кажеме дека тие треба да бидат подредени и да мислат како нас, меѓутоа, треба да се застапува платформата, а политичка платформа на една партија се застапува преку пратеници, преку членови и преку нивни лица кои учествуваат во разни тела.

Во овој случај јас лично против лицата ниту Костурски ниту Мангов немам ништо, меѓутоа, сметам дека за подобрување на квалитетот во работата на Уставната комисија покрај овие двајца ние сакаме да направиме квалитетна измена. Сметаме дека овие лица наспроти овие сега предложени што ги предлагаме се далеку под нивото на нивниот квалитет. Сакаме квантитетот да го замениме со квалитет и во тоа е прашањето, а не дали ќе го натераме некој да мисли вака или онака. Тоа е основниот проблем. Значи во прашање е замена на квалитет. Немам ништо против личноста на Костурски и Мангов, меѓутоа, ценам дека Блаже Муратовски е далеку поголем квалитет од двајцата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да кажам по повод оваа точка мој став личен како пратеник, а не во име на пратеничката група, од следните причини:

Во целост ги почитувам образложенијата што беа изнесени овде на оваа говорница и правото на одредени пратенички групи во рамките на

договорот помеѓу политичките субјекти кои се застапени овде во Парламентот да ги формираат работните тела на Собранието на начин на кој се договориле. Тој принцип веројатно не треба да биде спорен и понатаму во работата на ова Собрание.

Исто така и аргументите кои беа изнесени во однос на тоа дека е запазена процедурата целосно затоа што имаме предлог на Комисијата за избори и именувања, исто така, не може да се спори ниту би требало да се спори.

Лично станав да се обидам да одбранам одреден човечки дигнитет со оглед на тоа што сум член на Уставната комисија имав прилика при изработката на Уставот да видам и согледам дека се работи за двајца членови на Уставната комисија кои во основа се потврдија како несомнени демократи и второ, кои дадоа, тоа што го кажа претседателот на Собранието, свој целосен придонес во изработката и концептот на Уставот на Република Македонија.

Јас, господа, уште еднаш да повторам, ги почитувам аргументите но имајќи ги предвид овие работи немам совест да дигнам рака за измена на овие членови од Уставната комисија со кои сум работел две години и со кои мислам дека совесно си ја вршеа досегашната функција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (26 пратеника).

Мене ми е многу жал што овој пат констатирам дека Собранието оваа Одлука не ја донесе.

Констатирам дека Собранието не ја донесе Одлуката за изменување на одлуката за избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото.

Минуваме на **точката 19** - Предлог на одлука за разрешување на избор на член на Советот на Народната банка на Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го молам претседателот на Комисијата да даде образложение за поводот и иницијаторот на оваа одлука.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Овде се врши промена во Советот на Народна банка на Македонија. Досегашен член е д-р Љубе Трпески. Се бара промена бидејќи тој во меѓувреме е член на Влада, министер без ресор. По член 89 од Уставот претседател на Влада и член на Влада е неспоиво со вршење друга јавна и професионална дејност. Во склоп на оваа уставна одредба, тоа е пречка.

Затоа се бара измена. Изричито во Уставот имаме забрана само за претседатели и членови на Влада. Не можат да се бават со други дејности. Јас сметам дека не треба многу Уставот да го толкуваме, бидејќи си стои во образложението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Сакам да кажам свое видување на толкувањето што беше дадено, имајќи предвид дека како законски основ за оваа постапка се зема член 89 од Уставот. Би го цитирал 5-тиот став. Функцијата претседател на Владата и министер е неспоива со вршење на други јавни функции или професии.

Мислам дека Советот на Народната банка е општествена функција, не е јавна функција. Според тоа, имајќи предвид дека се работи за експерт од сферата на монетарниот систем, мислам дека г-динот Љупчо Трпески би требало да остане како член на Советот на Народната банка.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Во однос на член од Уставот 89 не е потребно никакво теоретизирање, толкување и коментари» Треба да сфатиме и порано и во едноумието бевме се пропишале против комулација на функции, а сега изричито овие правни уставни одредби се забрануваат. Тоа е поделба, Владата кога ја задолжува Народната банка, тој треба едновремено да седни и во едната клупа и во другата клупа. Навистина овие се несериозни толкувања. Треба да сфатиме дека овој проблем се провлекува и во рамките на Владата. Имаме професори и членови на Влада. Ние не сме

способни према позитивните прописи во стопанството за една функција, а камоли за универзална. Јас сметам тука да не се надмудрубаме, изричито е забрането. Исто така и за пратениците треба да се донесе посебен закон, што е неспоиво. Сметам дека тука не треба воопшто никакви инпровизации, тоа е чисто според Уставот вршена измена, ние во рамките на Комисијата овие работи ги имаме разгледано и да не одиме на тие работи способен, не способен. Кажавме во негативно стопанство сме две милијарди долари сме должни, никој не може да се каже дека бил стручен или не стручен. Сметам секој да си ја гледа својата работа. Изричито одредбата е неспоиво со друга јавна функција. На крајот се заменува со друг професор Михаил Петковски, доцент на факултет, не даваме некој пратеник или некој од улица. Тоа е службена измена во советот. Сум се објаснувал и со гувернерот и да не се надмудруваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (47 пратеници )

Дали некој е против? (16)

Дали некој се воздржува од гласање? (15)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на член на Советот на Народната банка на Македонија.

Минуваме на **<u>20-та точка</u>** - <u>Предлози на одлуки за именување членови на комисии за именување на индивидуални раководни органи и тоа:</u>

- За именување на членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Правниот факултет во Скопје,

- за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Машинскиот факултет во Скопје,

- за избор на членови на Конкурсна комисија за именување индивидуален работоводен орган на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Миловановиќ" - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуките го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуките, молам да крене рака? (51) .

Дали некој е против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (16)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за именување членови на комисии за именување на индивидуални работоводни органи.

Минуваме на **<u>21-та точка</u>** - <u>Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување и тоа:</u>

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на РО "Македонски народен театар",

- за разрешување и именување претставници на Републиката во

Советот на Машинскиот факултет во Скопје,

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Електротехничкиот факултет во Скопје,

- за именување претставник на Републиката во Советот на Филозофскиот факултет во Скопје,

- за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје,

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес,.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлозите на одлуките ги ставам на одлуките

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака? (50)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (18)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници во Републиката во органи за управување

Минуваме на **<u>22-та точка</u>** <u>- Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за старословенска култура - Прилеп.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (2).

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за старословенска култура - Прилеп.

Минуваме на **23-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган - управител на ОЗТ национален парк "Пелистер" - Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката , молам да крене рака? (62)

Дали има некој против?(1).

Дали некој е против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (11)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган-управител на ООЗТ Национален парк "Пелистер" - Битола.

Минуваме на <u>**24-та точка**</u> - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен роган на РО Национални паркови и ловишта - Скопје.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (14)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен роган на РО Национални паркови и ловишта - Скопје

Минуваме на <u>**25-та точка**</u> <u>- Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за именување индивидуален работоводен орган декан на Електротехничкиот факултет во Скопје.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој ба разбор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (61).

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (9)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување индивидуален работоводен орган - декан на Електротехничкиот факултет во Скопје.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за национализација на целокупниот движен и недвижен имот на општествено - политичките и други организации што се укинати или чија функција престана со амандманите 57 до 80 на Уставот на Република Македонија од 1974 година со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на Комисијата за општествено политички систем и ЗПК ви се доставени,, односно поделени.

Ве известувам дека Комисијата за општествено политички систем и ЗПК на седницата одржана 3 ноември 1992 година не го разгледаа Предлогот за донесување на закон за национализација на целокупниот движен и недвижен имот на општествено политичкиот и други организации што се укинати или чија што функција престанала со амандманите 57 до 80 на Уставот на Република Македонија од 1974 година со Предлог на закон, бидејќи сметаат дека за вакво сложено прашање потребно е мислење од Владата на Република Македонија. Од тие причини комисиите му предлагаат на Собранието да го одложи разгледувањето на овој закон.

Вам ви е поделено мислење на Владата. Предлагам на оваа точка да се навратиме на крајот на седницата, бидејќи комисиите треба да го гледаат и мислењето на Владата и да дадат став.

Дали се согласувате? (Се согласуваме)

Минуваме на **<u>точката 5</u>** - <u>Предлог на закон за семејството.</u>

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно - правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бранко Арсовски,

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, Сакам да ве потсетам дека овој закон беше на комисиска и на собраниска расправа уште во април 1991 година, Беше усвоен во форма на Нацрт на закон со обврска истиот да оди на јавна расправа. Јавната расправа беше водена заклучно со август месев, а истата беше организирана од ресорното министерство за труд и социјална политика. Инаку, во јавната расправа учествуваа повеќе субјекти, меѓу кои најкомпетентните стручни институти, установи, поединци и други кои и теоретски и практично се бават со проблемот и содржината што е предмет на овој закон. Како резултат на водената расправа се понудени и конкретни решенија во општите, па и во посебните одредби и придонесоа во голема мера да се подобри текстот на содржината на претходно поднесениот Нацрт на закон. Лично сметам дека одлуката односно заклучокот на постојните комисии односно Комисија за труд и социјална политика, законодавно правната Комисија и Комисијата за политички и економски систем беа на многу соодветен и исправен начин што му предложија на Собранието и на Владата да се води тримесечна јавна расправа,заради тоа што токму преку јавната расправа се успеа текстот на законот да се измени во квалитативна смислана зборот. Треба да се потенцира и улогата и учеството на пратениците преку поднесените амандмани, заради тоа што еден од позначајниот дел од нив беа испоместени во Предлог на законот.

Што се однесува до поднесениот Предлог на закон, според мое длабоко, стручно и практично искуство ги задоволува критериумите кои

произлегуваат од основните карактеристики на семејството, а посебно неговите функции. Би било, барем за мене, во овој миг за потребно да ги спомнам, а се работи за репродуктивната, економската заштитата, социјалната и воспитно образовната. Посебно што со овој Предлог на закон се прават сериозни радикални промени во управно правната и социјално заштитната сфера, при што истиот според севкупната композиција преку општите и посебните одредби ги обезбедува сите квалитативни вредности на севкупните односи на едно подемократско семејство со сите карактеристики на егалитарно семејство во кое се изнесуваат сите права и обврски помеѓу членовите врз рамноправни основи, а во зависност од годината на возраста материјалниот, здравствениот статус итн.

Посебно со овој Предлог на закон се прави позитивен чекор во врска со обврските на државата како основен субјект и носител на социјалната политика односно социјалната заштита и семејството во целина од друга страна. Така,со член 4 од овој Предлог на закон формално правно се утврдени односно регулирани обврските на државата. За мене, според мое убедување, овој закон е многу посистематичен во однос на претходните и истиот обезбедува поголема синхронизација во спроведување на одредбите. Посебно што сакам да го потенцирам е тоа што со член 2 од овој закон во општите одредби можеби за прв пат по децидно се дефинира семејството како животна заедница на родители, деца и други роднини ако живеат во заедничкото домаќинство, односно се утврдува правната квалификација на семејството. како резултат на настанатите потреби со овој закон се врши кодификација на семејното законодавство,при што неколкуте закони како посебни се сместени во една целина, при што се надминуваат недостатоците и недореченостите во поодделните закони, а пред се Законот за семејството, Законот за бракот, Законот за

старателството, закон за односите родители и деца, Законот за вон процесна постапка во семејните и брачни спорови итн. Исто така, со овој Закон се воведени извесни новини, посебно во посебните одредби. Така, во посебните одредби што го регулираат прашањето на бракот многу попрецизно се утврдени условите за склучување и условите за раскинување на брачната заедница. Меѓутоа, во овој дел се уредува и вонбрачната заедница и се изедначува со брачната во поглед на правата на меѓусебното издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница. Новина во овој дел од законот претставува и воведување на советодавна и советалишна работа како обврска, а во надлежност на Вентарот за социјална работа во функција на превентивната заштита на бракот и семејството.

Во делот што ги регулира прашањата сврзани за посвојувањето, исто така, се задржани двете форми на посвојувања, а се работи за потполно и непотполно со конкретна новина. Во овој дел новина е што експлицитно е утврден условот од три месеци возраст на детето кое може да се посвои и што за децата на три годишна возраст е воведен адаптивен период, што за мене претставува едно ново, практично и теоретско достигнување во оваа област. Посебно што во овој дел е целосно запазаена интердисцоплираноста во третманот и опсервацијата.

Во делот на посебните одредби што го регулираат прашањето старателство и тука се задржани трите форми на старателство меѓутоа, посебна новина е што поточно еуредена и дефинирана што е тоа дете без родителска грижа. Мислам дека овде може да се оцени дека е издвоена управно правната од социјално - заштитната функција, а посебно учеството на субјектите во правната и социјалната заштитна постапка.

Што се однесува до Законот аз односите помеѓу родителите и децата, кои во овој Закон е сместен исто така во посебните доредби но со воведување на посебна глава во која се уредува надзорот над вршењето на римското право, а пред се во случај на занемарување и во случај на злоупотребата. Посебно радува што со овој закон за прва пат по конкретно се уредува вон процесната постапка во специфични семејни спорови при развод на брак, доверување на деца, уредување на алиментација, утврдување на татковство, па и мајчинство, при што мировната постапка е доверена на стручниот тим при Центар за социјална работа што преставува европско и светско искуство, а му прилега на едно граѓанско општество. Што значи, Законот веќе признава тимска интер дисциплинарна работа во мировната постапка, при што посебно доаѓа до израз советувалиштата и советодавната стручна и социјална работа А што претставува и основен метод на предбрачно и брачно советувалиште На крај да констатирам дека пред нас имаме еден квалитетен закон за семејство кој му прилега на времето во кое живееме и ги градиме односите во семејството, кој за мене има апсолутна можност за практична примена и верификација. Инаку, лично јас го поддржувам овој Предлог на закон, а како претседател на Комисијата за труд и социјална политика стојам зад извештајот кој ви е презентиран пред вас

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 18, став 3, член 109, став 1 член 119, став 2 и на член 253 став 1. Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 28, став 3,

член 227, став 3, член 229, став 2, член 230, став 1, член 233, став 2, член 231 , став 2, член 253, став 1, член 257, став 2 и член 261.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 12, член 59, член 66, став 2, член 81, став 1, точка 2, член 86, член 105, член 110, член 125, став 1 член 152, став 5, член 163, став 1, член 176, член 207, член 211, во насловот на седмиот дел, глава 1, точка 4, член 225, став 3, член 230, став 3, член 259, став 1, точка 1, член 281 став 1, член 282, став 2, член 286, став 2.

А пратениците Јован Манчевски и Ристо Ќелешов поднесоа амандмани на член 5, став 1 и член 64 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 5 став 2, член 6, став 1, член 8 , став 3 и 4, член 14, став 3, член 15, став 2, член 16, став 2 за додавање нов член 20а. Член 23, став 3, алетернатива на член 24, член 26, став 2, член 28, став 3, член 37, член 41, член 65 , став 1, член 78, член 85, став 2, член 95, став 1 и 3, член 100, став 3, член 103, член 109, став 1, член 119, став 2, член 125, став 2, член 130, став 2, член 138, член 144, став 2,член 153, став 4, член 163, став 2, член 165, член 178, член 230, став 2, член 250, член 253, став 1, член 264, став 3, член 283 за додавање нова член 285 а, како и амандман на сите членови во кои зборовите "другар" односно "другари" се заменуваат со зборовите "партнер" односно "партнери". Меѓутоа на седница Законодавно правната комисија ги повлече.

Пратениците Јован Манчевски и Ристо Ќелешов поднесоа амандмани на член 18 за додавање нов став 4, член 20 за заменување на став 1 член

30, член 184 и на член 208, став 2 со кој претставникот на предлагачот не се согласи.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 103, став 1, за бришење на потточката д и за бришење на став 2 по кој не се произнела Владата на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на член 18, за додавање нов став 4 поднесен од пратениците Јован Манчевски и Ристо Ќелешов.

Молам кој бара збор?

Господин Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Мене нешто не ми е јасно, затоа што на Комисијата за труд и социјална политика овој амандман беше вграден во согласност со предлагачот на законот не како став 4, туку во став 3 каде што се додава всушност се прави одредена корекција на амандманот, така што се вклучува во тој став и лица кои имаат и тешки наследни заболувања во фамилијата и можат да вклучат брак само со претходно прибавено мислење и така продолжува понатаму истиот член. Мислам ништо друго не се менува и затоа сега јас незнам дали да го бранам овој амандман кој што беше усогласен или е направена некаква грешка, па не е прифатен, а не од Владата.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Овој амандман од колегите пратеници Ќелешов и Манчевски беше прифатен од Комисијата со единствена цел, бидејќи самиот амандман има превентивен карактер. Така и суштината е во превентивата така што и Комисијата го прифати, а мислам дека и Владата го прифати и таа нека се произнесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, овде немаме, амандман и еве добивам потврда од претставникот на Владата дека е прифатен овој амандман и станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за заменување на став 1 поднесен од пратениците Јован Манчевски и Ристо Ќелешов.

Го повлекуваат, значи овде немаме амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 30 поднесен од пратениците Јован Манчевски и Ристо Ќелешов.

Господин Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Овој е сосема краток член и краток амандман. Член 30 гласи: "бракот склучен по верски обичај не произведува правно дејство". Не го повлековме после консултацијата со колегата Ќелешов, се додава само зборот "само". така, овој член би гласел "бракот склучен, само по верски обичај не произведува правно дејство". Мислам дека ништо не менува овој амандман, едноставно, поценувачкиод однос према религиите сакаме да го сведеме во некакви рамки, да не остане она што да кажеме после две години плурализам доаѓавме до тоа бракот да се склучува пред полициски службеник, додека црквата се трга настрана, макар што нема никакви ингеренции, сепак се става во некаков соодност со државата. Инаку мислам дека никаква друга промена не се бара.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за , молам да крене рака

27 пратеници гласаа за.

Според тоа, овој амандман не доби поддршка во Собранието.

Отворам претрес по амандманот на член 103, став 1 за бришење на потточката д и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Бранко Арсовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе зошто овде немам информација за ставот на Владата.

Во Владата го прифаќаат.

Значи,тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 184 поднесен од пратениците Јован Манчевски и Ристо Ќелешов.

Господин Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Овој член, нема да ви одземам многу време ќе го прочитам, затоа што е краток. "Пасиноците се должни да го издржуваат својот очув, односно маќеата, ако тие подолго ги издржувале и се грижеле за нив”. Ако очувот односно маќеата имаат свои деца обврската на законот треба да биде

јасен и прецизен и не смее да си дозволи таква непрецизност. Дали е нешто подолго или не е, колку е тоа каков е тој термин не е јасно и е оставено на сосема произволно толкување на поединецот. Ако имаме чувство за правичност и ако пасиноците се изедначени во правата со сопствените деца, мора да бидат изедначени и во обврските. Исто како што се изедначени посвоителите во правата и обврските со вистинските родители. Мислам, дека тука е направен еден преседат, можеби, ми смета само зборот "подолго" кои што е воопшто недефиниран, меѓутоа, се предлага да се брише дел од реченицата кои што всушност ќе ја избегне таа недефинрианост на овој член.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(Пратениците креваат рака)

28 пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 184 поднесен од пратениците Јован Манчевски и Ристо ќелешов.

Јас морам да констатирам дека ние немаме кворум овде за работа. Во салата се само 58 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 208, став 2 поднесен од пратениците Јован Манчевски и Ристо Келешов.

Молам кој бара збор? (Никој).

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

**ПЕТКО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање

Кој е за молам да крене рака? (55)

Дали има некој против ( нема)

дали некој се воздржува од гласање ( 3)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за семејството.

(Со седницата продолжи да раководи Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија).

Ги молам службите да ги повикаат сите пратеници да влезат во сала бидејќи сега ќе имаме, по точката 6 уводно излагање од страна на министерот Туше Гошев, кое излагање се однесува и на законите за чие донесување е потребно 2/3 мнозинство.

Работа по таков закон не смееме да почнеме додека нема обезбедено најмалку 2/3 мнозинство на присутни. Тоа е уставен основ. Ако сакате да дадеме една кратка пауза . (нема потреба, да продолжиме со работа).

Добро, еве службите не известија дека имаме присутни во салата 84 пратеници и можеме да почнеме да работиме и да одлучува

Минуваме на **точката 6** - Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и ОНО, Комисијата за општествено политички систем и ЗПК ви се доставено односно поделени.

Отворам општ претрес.

Има збор министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:** ( прилог)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВОСУДСТВО И УПРАВА

# Е К С П О З Е

на министерот за правосудства и управа поднесено пред пратениците на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на јули 1992 година, по повод донесувањето на законите од областа на правосудството, и тоа: Предлог на законот за Републичкиот судски совет; Предлог на законот за судовите; Предлог на законот за јавното обвинителство и Предлог на законот за адвокатурата

Скопје,

Почитувани пратеници,

1. На денешната седница на Собранието на Република Македонија, на дневен ред е поставено донесувањето на законите од областа на правосудството, и тоа Предлог на законот за републичкиот судски совет, Предлог на законот за судовите, Предлог на законот за јавното обвинителство и Предлог на законот за адвокатурата.

Пред почетокот на собраниската разбрзав и донесувањето на секој закон посебно, чувствувам за своја обврска како министер одговорен за областа на правосудството, да поднесам кратко воведно излагање за појдовните основи врз кои се засновани овие закони и основните прашања што при тоа се покренуваат, но исто така и да истакнам дека сум почестен што можам пред овој парламент да се искажам за закони со кои во еден мошне чувствителен дел на државното и општественото уредување се воспоставуваат темелните принципи во изградбата на правниот систем на младата македонска држава.

Почитувани пратеници, предлозите на законите што се пред вас, по својот карактер и значење се организациони закони со кои се обезбедува органската структура на судството, јавното обвинителство и адвокатурата во Република Македонија, како неопходни државно - правни институции за остварување на судството, јавното обвинителство и на адвокатурата, чие дејствување се воспоставува но и исцрпува згради и во заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот и за заштита на интересите на другите правни субјекти. Оттука и затоа со уредувањето на органската основа со овие закони се обезбедуваат основните инструменти и темелните гаранции за функционирање на овие органи во правна и социолошка смисла и за обезбедување на неопходните претпоставки и услови за ефикасна заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот и интересите на другите правни субјекти. Тоа е услов за материјализацијата на законитоста и за ефикасното функционирање на правната држава.

2. На почетокот сакам да истакнам некои од поважните и заеднички карактеристики на законите што се од значење за нивната суштина и функција,

а) Прва и најважна заедничка карактеристика на овие закони е нивната заснованост врз начелата .ич решенијата на Уставот на Република Македонија и врз поделбата на државната власт, согласно член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот на Република Македонија, на законодавна, извршна и судска, како една од темелните вредности на Уставот на Република Македонија, а со тоа и уставна и законска гаранција за самостојноста и независноста на судството, за самостојност и независност на Републичкиот судски совет, за самостојноста на јавното обвинителство и за самостојноста, независноста и автономноста на адвокатурата како општествена јавна служба. Оваа уставна позиција судството, другите правосудни органи и адвокатурата, ја издејствуваа низ борбата на плејада дејци за слобода, демократизација и правда, преку заложбите на бројни мислители и филозофи почнувајќи од Цицерон, Лок и Монтеские и на други современици на сегашните и претходните генерации кои документирано докажаа дека самостојноста и независноста на судовите е Canditio Sine ua non за заштита на човекот, но исто така и за заштита и законито функционирање и на законодавната и извршната власт.

б) Поаѓајќи од изложените премиси, иако целта на дејствувањето на секој од овие органи и на адвокатурата во крајна линија е единствена и заедничка и се состои во заштитата на човекот и граѓанинот/неговите права, слободи и интереси, законите обезбедуваат секој од органите со органско - оперативна смисла да е воспоставен и да дејствува како самостоен и независен, а адвокатурата како самостојна и независна јавна служба, која со оглед на тоа што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон, да се јавува како една од темелните уставни и законски гаранции на правата и слободите на човекот и граѓанинот.

в) Карактеристика на законите е што за појдовни основи на начелата и решенијата на секој од законите се земени: Универзалната декларација за независноста на правдата, усвоена на првата светска конференција од 10 јуни 1983 година.  Универзалната декларација ва независноста на судството од 20 јули 1988 година, Кодексот на меѓународните здруженија на адвокатските комори за минималните стандарди во оваа област од 22 октомври 1982 година и многу други меѓународно верифицирани документи, Заснованоста врз овие и други акти на меѓународното право е исто така суштествена гаранција прав- дата што ќе се остварува во Републиката да претставува еден од основните стол- бови на слободата, а обезбедувањето, почитувањето и владеењето на правото да биде основа за слободна реализација на основните човечки слободи и за мир меѓу луѓето. .

г) Натамошна заедничка фундаментална карактеристика на законите е тоа што организационите форми ја овозможуваат и обезбедуваат функцијата на принципот на законитоста да се остварува како принцип без кој не може да се замисли демократската организација на општеството, без чие почитување нема цивилизирана заедница и вреднување и заштита на основните вредности на човекот и заедницата. Затоа во законитото функционирање на овие органи и на адвокатурата се гледаат претпоставки за организација и развој на модерната држава, за општествена стабилност, демократизација на односите помеѓу луѓето и демократизација на севкупните општествени односи, за потврда на постоењето и на нужноста од владеење на правото и високиот култ на почитување на авторитетот на правото и на законот, наспроти самоволието, бирократизмот, злоупотребите на власта, примената на неконтролираната и не предозираната државна принуда и сл. кои што ги рушат овие елементарни вредности.

Законитоста во нејзината вистинска смисла е иманентен услов на демократизација на духот на човекот и на подигањето и јакнењето на неговата правна свест, суштественото за легалитетот и легитимноста на

работата, на севкупните агенси во општеството, за културата на живеењето и гаранција за животот на човекот и за неповредливоста и другите негови основни вредности.

д) Заедничка карактеристика на законите е исто така едноставноста и јасноста на вградените правни правила, одбегнатоста на гломазната регулатива, и настојувањето законите да бидат што пократки, непренормираноста на институционалните решенија туку нивно сведување на она што е елементарно за .функционирањето на секој од оргамите, обезбедувањето организационите форми да бидат во конзистентен однос и функција со материјалните и процесните закони што се ставаат во дејство во решавањето за правата и слободите на човекот и граѓанинот, почитувањето на позитивните традиции на нашиот народ во комуникацијата со органите на правдата, како и дејствувањето преку такви организациони форми кои овозможуваат навремено, квалитетно и ефикасно судење, брзо извршување на одлуките, превентивно дејство на работата и одлуките на судските органи, судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и*на другите институции што имаат јавни овластувања како и остварување на други вредности.

ѓ) Особено значајни карактеристики на законите се што согласно со поставените услови се бараат високо стручни, компетенти и дезидеологизирани и деполитизирани лица за вршење на функциите во овие органи и адвокатурата, кои со угледот што го уживаат меѓу граѓанството се достојни за вршење на функциите, Стручноста, почитувањето и угледот на личноста на носителите на функциите во овие органи е суштествена претпоставка за почитување на правниот поредок и за авторитетот и дејството на одлуките на судовите.

3. Почитувани пратеници, до колку укажав на некои поважни заеднички карактеристики на законите, упатно е исто така накратко да се осврнам и на некои поважни прашања на секој од законите.

1.3. - Во Предлогот на законот за Републичкиот судски совет се уредува организацијата и работата на една нова институција која современите граѓански општества ја установуваат заради зацврстување на самостојноста и независноста на судовите во однос на другите органи на државната власт - законодавната и извршната власт. Овој самостоен орган треба да претставува органска брана, судската власт да не се претвори во метод на дејствување на извршната функција, како и да се отстрани влијанието на законодавната и извршната власт преку користењето на зависноста или чувството на зависност на судијата од овие органи, посебно во однос на нивниот избор и разрешување, општествената позиција, економската моќ угледот и сл.

Заради одбегнување на оваа опасност, која не е ниту безначајна, ниту маргинална, уставите на бројни европски држави предвидуваат органи од типот на Републичкиот судски совет, под различни називи, и ги установуваат со функција да го вршат изборот и разрешувањето на судија или пак оваа функција им ја доверуваат со одредени ингеренции и на шефот на државата

Уставот на Република Македонија, од изложените, прифати едно средно решение со тоа што со одредбите на членовите 104 и 105 на Уставот на Република Македонија, се уредува Републичкиот судски совет, составен од седум членови кои Собранието на Република Македонија ги избира од редот на истакнати правници за време од шест години, со делокруг да предлага избор и разрешување на судии што го- врши Собранието на Република Македонија. Покрај овој основен дел, другите елементи на делокругот на Републичкиот судски совет се исто така уставно утврдени и тие се состојат во тоа што тој одлучува за дисциплинската одговорност на судиите, ја оценува стручноста и совесноста на судиите, во вршењето на нивната функција, што може да биде основа за предлагање за нивно разрешување или за избор во повисок суд, под услови определени со закон и предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот на законот за Републичкиот судски совет при операционализацијата на споменатите уставни одредби останува строго во уставните рамки. Со оглед на тоа прифатените решенија се исто така &дна од гаранциите Републичкиот судски совет да не се преобрази во институција што ќе се стави над судството и што ќе го земе судството под свое, со што прерогативите од неговото постоење и дејствување ќе се преобразат во сопствена спротивност. Затоа самата концепција на законот и начелата врз кои е тој заснован се насочени кон тоа Републичкиот судски совет да придонесува да се остварува судската функција и да ја обезбедува самостојноста и независноста на судовите, а извршувајќи ги работите од својот делокруг со предлозите што ги поднесува до Собранието на Република Македонија да не навлегува во нивната работа.

Во контекстот на овој осврт упатно е да се укаже и на дејствувањето на Советот во утврдувањето на дисциплинската одговорност на судијата како основа за предлагање на негово разрешување. Во врска со ова прашање треба да се има предвид дека меѓународните документи за независност на судството предвидуваат дисциплинска одговорност на судиите, која се утврдува во постапка што се спроведува експедитивно и праведливо од страна на надлежниот орган (на пр. параграф 26 на Универзалната декларација на независноста на судството). Правилата содржани во законот за дисциплинската одговорност даваат гаранции за не нарушување на независноста. Оваа постапка е далеку позаконита, поправедлива и пообјективна од можностите за разрешување на судијата без нејзино спроведување што сега постојат. Впрочем,дисциплинската постапка што ја спроведува овој орган се ограничува на тоа да се утврди потешката дисциплинска повреда што го прави судијата недостоен за вршење на судиската функција» Под дадените материјално - правни и процесно - правни услови и претпоставки право и должност е на Советот да предложи разрешување на судијата по оваа основа а самото разрешување да го изврши Собранието на Република Македонија, што е уште една гаранција за личноста на судијата.

Според изложеното, за овој вид дисциплинска одговорност на судиите не се карактеристични класичните санкции  и други; реперкусии на дисциплинската одговорност воопшто, туку една квалификувана оценка од компетентни органи врз утврдена фактичка состојба: дали конкретниот судија натаму е недостоен за вршење на судиската функција член 99 став 3 алинеја 5 од Уставот на Република Македонија). Оттука се извлекува правото да се заклучи дека институтот на дисциплинската олчговорност, така како е уставно и законски уреден, само на прв поглед е инкопатибилен со самостојноста и независноста на судиската функција а всушност ја зацврстува и афирмира таа независност, судиската функција и авторитетот на судијата.

Согласно член 15 став 2 од Уставниот закон за спроведување на

Уставот на Република Македонија, Републичкиот судски совет ќе се конституира најдоцна во рок од два месеци по донесувањето на Законот за Републичкиот судски совет. Членовите на Советот се избираат од редот на истакнати правници од кои двајца по предлог на Претседателот на Република Македонија. Четворица од членовите на Советот се избираат од редот на судиите. При изборот на членовите на Советот неопходно е да се обезбедува соодветна национална и регионална застапеност.

2.3. Во Предлогот на законот за судовите поблиску се уредува судската власт во Републиката. Согласно со словото и духот на Уставот на Република Македонија и меѓународните правни акти за судството од чии посту лати се поаѓа, Законот за судовите и основниот правен акт со кој се иновира положбата, организацијата и функционирањето на судовите во Републиката. Суштинските промени што ги донесува законот во споредба со досегашните решенија, ја оправдуваат оценката дека со тоа се поставуваат основите за севкупна реформа во судството и вршењето на судската власт како еден од облиците на организацијата на државната власт во Републиката покрај законодавната и извршната со посебен, самостоен и независен делокруг.

Појдовната научно - теоретска и законска платформа, наоѓа потврда и доаѓа до израз преку самостојноста и независноста како основна ориентација преку која дејствува правосудството, а исто така преку дејството на основните принципи врз кои се врши судската власт како што се судовите да судат в| основата на Уставот законот и менува родните договори, ратификувани во согласност со Уставот; организацијата на судството дека е единствена забранети се вонредните судови; видовите, надлежноста, основањето, укинувањето организацијата и составот на судовите како и постапката пред нив дека се уредуваат со закон, и сл.

Од елементарно значење се и принципите за општествената и професионалната позиција на судови тела посебно во однос на изборноста на судиите од страна на Собранието на Република Македонија а по предлог на Републичкиот судски совет, постојаноста и неподвижноста на судиите, разрешување на судиите само под услови, во постапка и на начин утврдени со закон,устав- но гарантирање на судскиот имунитет и сл.

Самостојноста и независноста на судовите и на судиите ја гаранти раат и принципите од функционална природа како* што се расправност и јавност пред судовите; судење во совет; учество во судењето на граѓани како судии поротници; гарантирање на двостепеност во најширока смисла, а под одредени услови и тристепеност и четиристепеност; по жалбите против судиските одлуки право и должност да решава само повисокиот суд; менување, поништување или укинување на судските одлуки како исклучително право на судовите; право на користење на стручно застапување и стручна одбрана пред судовите, како и заснованост на постапките пред судовите врз бројни демократски начела.

Законот располага со повеќе средства со кои ја гарантира незавидноста на судовите и судиите. Тие се постојаноста и независноста на судиите; изборот на судиите од највисокиот законодавен орган во Републиката врз основа на законски утврдена процедура и по" предлог на посебно определен орган и прибавено мислење за стручните и работните

способности и личноста на кандидатот од повеќе компетентни органи; предлагање на судии поротници од страна на надлежните судови во кои тие се избираат; обезбедување на материјално - правен имунитет и процесно - правен идентитет на судијата; посебни гаранции во однос на граѓанската и дисциплинската одговорност на судијата; финансирање на судството од посебни ставки во Републичкиот буџет со тенденција да се обезбеди решавање на материјалните прашања согласно со нивните потреби; остварување на општествена грижа и за подобрување на материјалната состојба на судиите, како и за решавање на другите услови за вршење на суд- ската функција.

Како инструменти за независноста на судијата покрај понапред истакнатите, законот ги има предвид и смета на дејството и креативното остварување на својствата што се бараат за секој судија, неговата слобода и сигурност да може да се спротивстави на секакви притисоци и влијанија во одлучувањето, на неговата стручност која го ослободува судијата од сопственото незнаење и предубедување, материјализацијата за високиот морал и културата на неговата личност како најдобра и најсигурна заштита на судската независност за односот на судијата кон законот, спрема општествената стварност, за комуникацијата со странките, за односите во судот, за односот спрема учесниците во постапката, адвокатурата, политичките влијанија и други прашања што се многу значајни за законито и успешно вршење на сложените и тешки професионални задачи.

Воспоставувањето на единствена организација на судството, обезбедува сите работи од делокругот на судството да ги вршат судовите како судска власт, а со тоа да се надминат двојбеностите од дејствување на специјализирани судови, како што беа до скоро судовите на здружениот труд а во извесна смисла и воените судови, како и постојните стопански судови кои според одделни сфаќања иако спаѓаат во судскиот систем не се судска власт туку само органи што вршат судска функција.

Единствената организација на судството законот ја воспоставува преку установувањето на основни, виши и Врховен суд во Република Македонија, со јасно разграничена надлежност која ги отстранува сите досега појавени дилеми и разлики во однос на физичките и правните лица, со исклучителна надлежност на основните судеви во првостепената постапка освен во управниот спор, со исклучителна второстепена надлежност на вишите судови и со обезбедување на услови, Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката да може да го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите.

Оваа единствена организација поставена во мрежа која ги надрастува проблемите на малите судови, со лоцирање на основните судови непосредно до граѓаните заради полесно и поефикасно решавање на нивните потреби, ќе овозможува во судовите да се остварува специјализација на судовите со оглед на потребите за одделни области од примената на правото, го обезбедува соодветното распоредување на кадрите со оглед на потребите на судот и обемот на работата, ја овозможува и неопходната рационализација и поекономично работење без тоа да се одрази и на квалитетот,

Установените судови се надлежни во иднина да судат во работите од досегашната надлежност на судовите од општа надлежност, на стопанските судови, на судовите на здружениот труд и на воените судови.

Во сите фази на донесувањето на законот внимателно и со целосна одговорност е проучувано прашањето за потребата од натамошно постоење на стопанските судови. Сите испитувања покажаа дека како од принципиелни така и од практични причини и овој дел на судската надлежност треба да се интегрира во единственото судство. Тоа е најоптималното решение за брзо ажурирање на состојбите во ова судство чии обем не може да биде создаден при дадениве услови ни за три години а од друга страна преку ова решение да се надмине основната нелогичнест судството да биде ажурно И во заштитата на маргинализирани вредности, а од друга страна да исчезнуваат големите вредности на општествениот или друг вид капитал само затоа што една тужба која  што е денес поднесена за

многу илјади милијарди ќе може да се реализира дури по неколку години но со обезвреднета престација. При тоа неодржлив е основниот приговор за постигнатата специјализираност на судиите во сто- панските судови затоа што специјализацијата во новата. судска организација поосмислено и пофункционално ќе се остварува, а од друга страна судиите специјалисти за определени области ќе можат да продолжат да работат на' оваа проблематика и во новата судска организација.

Но при сето ова не смее да се заборави дека времето што доаѓа бара коренито поинаков однос и ефикасно дејствување на судската власт во заштитата на изменетата општествена структура на капиталот, и на новите субјекти кои во правниот промет се јавуваат како носители на капиталот и како такви се животно заинтересирани за брза и ефикасна заштита на своите имотни интереси.

Новата судска власт конституирана според овој закон треба да отпочне да функционира од 1 година. До тогаш, како што е уредено со одредбата од членот 15 на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија најдоцна во рок -од шест месеци по конституирањето на Републичкиот судски совет, треба да се изврши изборот на сите судии на судовите во Република Македонија согласно со Уставот на Република Македонија и законот за судовите Што ова Собрание денес треба да го донесе. Тоа е мошне сложена задача ако се има предвид дека во моментов функцијата судија во Републиката ја вршат 425 лица, од кои 19 судии на Врховниот суд на Република Македонија; 55 судии на окружните судови; 299 судии на општинските судови; 7 судии на Стопанскиот суд на Македонија и 45 судии на окружните стопански судови, Покрај нив, на располагање се и 28 судии на поранешните судови на здружениот труд. Покрај тоа, во судовите се ангажирани уште 230 стручни соработници, 69 приправници и 1.130 административни и технички работници.

3.3. <u>Законот за јавното обвинителство</u> ја афирмира органско оперативната и социолошко - правната концепција за установување и дејствување на орган кој во кривичната и другите казнени области ќе го обезбедува легалитетот во гонењето како основно барање на законитоста и дејствувањето на правната држава во другите правни области и во

постапките пред судовите и другите органи и институции што имаат јавно овластување да постапува согласно со овластувањето што го има со посебни закони.

Со оглед на мошне одговорната улога на јавното обвинителство и чувствата на неговата функција е одредена и уставната позиција на јавното обвинителство и тоа во системот на државните органи, во делот на судството како посебен, единствен и самостоен државен орган. Јавното обвинителство не е судски орган и неговата функција е приоритетно ориентирана спрема судството но постапува и пред други органи а функционално е поврзан и со извршниот орган на власта. Затоа именувањето на јавен обвинител Собранието на Република Македонија го врши на одредено време, по предлог на Владата на Република Македонија.

Државно - правната позиција на јавното обвинителство во законот е детерминирана и од неговата положба како странка во постапката. Ако се има предвид дека во Републиката и по правило во Европа е во примена таканаречената континентална кривична постапка со акузаторно - инквизициони елементи чиј интегративен елемент е и јавното обвинителство, тогаш стануваат јасни основните принципи врз кои е поставена единствената организација на јавното обвинителство и остварувањето на неговата функција. На основното право и основната должност на јавното обвинителство како единствен и самостоен државен орган да ги гони сторителите на кривичната и на други со закон /тврдени казнени дела и да врши други работи утврдени со закон, нужно се надоврзува овластувањето да се грижи за откривање на кривични дела и пронаоѓање на нивните сторители; да покренува кривична постапка; да застапува обвинение да изјавува редовни и вонредни правни лекови и да преземаат други дејствија за кои е со закон овластен. Како процесен субјект, јавниот обвинител е индивидуален носител на овластувањето из јавното обвинителство и затоа тој настапува како поединец со положба на странка во постапката. Институтот на заменик е нужен одраз на функцијата на овој принцип. Според тоа, принципите на инокосност и на централистички поставена организација првенствено во функционална смисла ги детерминираат основните решенија што преовладуваат во овој

закон. Самата организација ма јавното обвинителство и надлежноста е поставена и разграничена согласно со мрежата и надлежноста на судовите пред кои тие постапуваат.

Организацијата и функционирањето на јавното обвинителство според овој закон треба да отпочне од 1993 година, едновремено кога и новата судска организација. Согласно член 15 на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија именувањето на јавните обвинители ќе се изврши во понапред изложените рокови како и судиите.

Во овие рокови треба да се извршат значителни работи за именување на јавни обвинители и заменици јавни обвинители. Според сегашната состојба во овие органи има вкупно 130 јавни обвинители и заменици од кои 7 во Јавното обвинителство на Македонија, 29 во окружните јавни обвинителства и 94 во општинските јавни обвинителства. Покрај тоа, сега во јавните обвинителства се вработени 46 стручни соработници, 17 приправници и 134 административно - технички работници.

3.4. - Законот за адвокатурата со своите принципи и решенија е заснован врз дефиницијата дадена во членот 53 од Уставот на Република Македонија според која адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со законот. Законот исто така е заснован врз појдовните основи и основните постулати содржани во меѓународните документи за адвокатурата со кои се сака да се обезбеди независноста на адвокатската професија како суштинска гаранција за унапредување и заштита на човековите права.

Во настојувањето да се обезбеди самостојност, независност и автономност на адвокатурата со законот се уредуваат само најнеопходните прашања за обезбедување и давањето на правна помош, имајќи при тоа во предвид дека условите за вршење на адвокатска дејност, правата и должностите на адвокатот престанокот на правото на вршење на адвокатска дејност и некои материјално- правни и процесно - правни елементи на одговорност за повреда на адвокатската должност и повреда на адвокатурата, како и на основниот облик на нејзиното организирање на адвокатска комора, неопходно е да бидат уредени со закон, со оглед дека е во прашање јавна служба.

Во овие граници и во изложената функција со законот е обезбедена целосна самостојност на организацијата на адвокатурата, на вработување кај адвокатите на други адвокати, адвокатски приправници, адвокатски стручни соработници и други работници, на слободен избор на седиште на канцелари- јата, на регистрирање на адвокатската канцеларија како правно лице според важечките прописи и сл.

За независност на адвокатурата значајно е што адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот и овластувањето самостојно да одлучува за начинот на застапувањето на правните интереси на странката. Право но и должност е на адвокатот на странката правната помош да и ја дава совесно и стручно согласно со законот и кодексот на адвокатската етика и како тајна да го чува она што му го доверила странката.

Гаранциите за таа негова слобода, самостојност и независност се Уставот, овој закон и бројните процесни закони според чии одредби се поста- пува. Притоа, значајна гаранција според овој закон е содржана во одредбата на член 17 според која адвокатот не може да биде повикан на одговорност за искажано мислење во судењето, во рамките на која одредба се содржани и други процесно - правни гаранции. %

За местото и улогата на адвокатурата во Републиката може да се заклучи и од бројките што адвокатската дејност во Републиката ја вршат 439 адвокати, 110 адвокатски приправници, и определен број работници во адвокатските канцеларии со тенденција овие бројки постојано да се зголемуваат,. со прилив на нови високостручни кадри во адвокатурата.

Почитувани пратеници, тоа беа основните прашања што сакав пред претставниците на овој висок дом да ги подвлечам. При тоа сакам да укажам дека пратениците на ова Собрание Преку учеството во расправата во телата на Собранието на седниците на Собранието го покажаа својот висок интерес за законито, објективно и независно функционирање на судството и вршењето на судската власт. Судовите другите правосудни органи и адвокатурата очекуваат дека со ненамален интензитет ќе продолжи интересот и во натамошните законодавни активности за

операционализација на одредбите на Уставот на Република Македонија и на овој закон како и дека ќе биде присутен постојан интерес за унапредување на условите во кои дејствува правосудството и адвокатурата, како и за унапредување и гранатирање на нивната лична, општествена позиција како услов за законито и објективно вршење на должноста.

Ги молам пратениците на Собранието на Република Македонија да ги донесат законите.

Благодарам,

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Едно процедурално прашање. За вакви важни закони мене не ми е јасно зошто Владата ја нема на седница. Па затоа барам и прашувам, зошто, дали не и се бендисуваат предлозите на законите или можеби не се согласува со Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, образложението повеќе е нагодување, но сигурно е дека е потребно при донесувањето на вакви закони Владата репрезантативно да биде присутна.

Ве информирам дека веќе испратив порака да дојдат повеќе претставници на Владата. Се надевам дека ќе дојдат, ако ништо друго кога ќе биде расправата по Законот за судовите.

Дали имате некои информации за тоа? (Да),

Добро,значи ќе дојдат сега.

Дали некој бара збор во општиот претрес по Законот за Републички судски совет?

Воведното излагање се однесуваше и на другите закони, а тоа само значи дека господинот Туше Гошев, министер за правосудство нема да има воведни излагања по секој закон. Ние сме на општиот претрес по Предлогот на закон за републички судски совет.

Молам, кој бара збор во општиот претрес?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да поставам една процедурална забелешка за да...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа значи дека уште не сме на општиот претрес.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Па во рамките на општиот претрес за донесувањето на законот за да не ни биде непознато отпосле со какво мнозинство на гласови од вкупниот

број пратеници се донесува овој закон, заради тоа што во членот 104 и 105 каде што се регулира составот на Републичкиот судски совет и неговите надлежности, воопшто не е утврдена обврската за донесување закон со некакво мнозинство. Меѓутоа, бидејќи влегуваат овие членови 104 и 105 во рамките на точката 4 која го опфаќа судството, а во членот 98 видовите надлежности основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите се уредуваат со закон, како и постапката пред нив, се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, ценам дека и Законот за Републичкиот судски совет се донесува со двотретинско мнозинство. Затоа сакам Собранието да го расчисти тоа прашање пред да се премине на гласање, за да не излезе дека Законот за републички судски совет отпосле се донесува само со просто мнозинство од присутните односно со минимум 40 гласови од вкупниот број.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви ја прочитам точната содржина на членот 98, последниот став каде точно се кажува за што се однесува гласање со двотретинско мнозинство.

"Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници".

Според тоа, овде е изрично кажано и тука не е Судскиот совет, тој не е суд.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ние и во главата 4 од Уставот, каде што се регулирани односите и постоењето на Уставниот суд на Македонија, никаде не пишува дека се донесува закон за Уставниот суд, освен во член 113 каде што пишува: "Начинот на работа и постапка пред Уставниот суд се уредува со акт на Судот," Меѓутоа, конкретно пак во член 104 воопшти никаде не пишува дека работата и постапката пред Републичкиот судски совет воопшто ќе мора да се регулира со закон, затоа што во член 104 и 105 каде што се одредбите за Републичкиот судски совет воопшто немаме уставна обврска да донесеме закон за Републичкиот судски совет. Ако веќе се носи, а влегува во главата за судството, затоа сметам дека и овој закон, ако веќе се носи, потребно е да се донесе со двотретинско мнозинство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Најголем дел закони кои ќе ги донесеме не се содржани во Уставот и не се вели дека ќе се донесат тие закони. И така ќе донесуваме закони. Инаку, ако донесуваме закони само што се содржани во Уставот дека ќе бидат донесени, тие се многу малку. Тоа нема никаква врска, а овде не се зборува за глава, туку точно во ставот последен од членот 98 е утврдено точно што се донесува со двотретинско мнозинство.

Господинот Тодор Петров сака Собранието да го толкува ова, иако тоа не може да толкува устав, никој не може да толкува, тука јасно пишува, но тој предлага Собранието да се изјасни и Законот за судски совет да се донесува со двотретинско мнозинство. Тој предлог е како секој друг предлог, јас можам да го дадам на изјаснување на Собранието, па кој е за тоа нека крене рака.

Господинот Наќе Стојановски бара процедурален збор.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, и овој пат мислам дека треба да бидеме сериозни. Одредбите на Уставот во однос на мнозинството на Законот за судскиот совет се јасни. Ние работиме како Парламент по Уставот на Република Македонија. Тоа што господинот Тодор Петров инсистира ние овде да го спроведуваме неговиот устав и во оваа прилика и во некои други претходни прилики, мислам дека тоа не треба да биде предмет на изјаснување на Собранието. За нас е меродавен Уставот на Република Македонија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Петров Тодор не го толкуваше неговиот устав, туку само го прочита она што го пишува. А за Уставот на Наќе немам потреба ни јас да се изјаснувам и затоа сметам дека е оправдана процедуралната забелешка што ја поставив Парламентот да се изјасни бидејќи ни претседателот ни Петров ниту пак Наќе има право да се изјаснува да го толкува Уставот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи не е конкретно лоциран Републичкиот совет во однос на процедурата, а со оглед на тоа дека останува впечаток и во јавноста особено оние кои се директно заинтересирани во правосудството за одредени тенденции владеачката коалиција во една таква важна структура институционална во Републиката да лоцира свои кадри, заради демократичноста во Македонија би било добро бидејќи е отворено

прашањето да покажеме една демократска зрелост и ова прашање да го одлучиме со двотретинско мнозинство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, од стручната служба ми обрнаа внимание и ние најголема демократичност ќе покажеме ако го почитуваме Уставот. Произволности во врска со Уставот по тоа како на позицијата или опозицијата и одговара во одреден момент е недопустлива манипулација дури со државата и со населението и со нивната судбина. Уставот мора да се почитува.

Ќе ви прочитам на што%ми е обрнато внимание. Инаку, тоа е крајно арбитрарно ако ние си допуштиме да го толкуваме Уставот овде. Тоа е недопустлива работа. Се вели вака:

"Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство".

Посебното мнозинство овде е предвидено за судовите, јас тоа ви го прочитав, за ништо друго. Според тоа, имаме член за судскиот совет, таму тоа не е предвидено и затоа не треба да се расправа натаму.

Молам, кој бара збор во општиот претрес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор во општиот претрес по Предлогот на законот за Републичкиот судски совет.

Има збор господинот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа дури сега незнам кои сте во право и како го толкувате нашиот устав. Кога најголемата инстанца на судовите т.е. Советот треба да се изгласа со една третина, а судовите да се изгласаат со двотретинско мнозинство. Јас тоа не можам да го разберам. Значи ние уставот можеме да го толкуваме и така и онака. Тоа за мене е неразбирливо.

Ве молам господа судии и правници, вие бевте тие што го создававте уставот, а ние го гласавме. Вие бевте специјализирани по таа струка. Меѓутоа, сега вие самите се негирате. Ве молам вие како, не сакам никого да навредувам, вие како интелектуалци, судии утрешни судии треба да носите некои одлуки за некои луѓе во судовите. Вашите напади еден со друг не ви доликуваат.

Малку ќе се осврнам на претходните судови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е законот за судовите. Сега е законот за судскиот совет.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Директно за советот. Ние не сме запознати, ова Собрание не е запознато кои луѓе треба да дојдат во тој совет. Значи, добро е тоа ние да го изгласаме законот, а некој да ги донесе луѓето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Собранието го именува составот на Советот. Само тоа е друга точка, не е сега.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Меѓутоа, ве молам тоа треба да биде се засновано врз Уставот. Како е можно сега господине претседателе претходно рековте дека,ајде сега да гласаме, кој е за предлогот на господинот Петров Дали во тој момент не се прекршува Уставот?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Анастасовски, не е веќе процедурално прашање на дискусија. Поминете на законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Вие тоа ни го поставивте, кој е за предлогот на Петров, а кој не е за предлогот на господинот Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие добивте збор за нешто сосема друго. Ако сакате за тоа да расправаме, седнете си и ќе ви објаснам после.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Вие рековте кој е за предлогот, да гласаме, кој не е да не гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви објаснам. Јас така и поставив. Меѓутоа, ни укажаа од стручната служба во ист момент овде дека немаме право да гласаме И затоа и го повлеков тоа. Немаме право со друга уставна одредба се вели ако изричито со Уставот не е одредено, не може Собранието да одлучува дали да гласа со двотретинско мнозинство. Нема право Собранието тоа да го чини. Затоа и не дадов да се гласа понатаму. Тоа го немав во предвид кога го изнесе господинот Петров својот предлог и кога реков да се гласа. Тоа е работата.

Дали некој бара збор по општиот претрес по Законот за судскиот совет? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2, член 7, член 8 став 1 и 2, член 9 став 1, член 10 став 2 и 3, член 12 став 2 и 4, член 14 став 1, алинеја 1 и алинеја 2, член 18 член 19 став 2, член 21 став 2, член 23 став 2 и 3, член 24 став 1, член 28 став 1, член 30 став 2, член 34 и член 36 став 1 и тие се составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 35 и на член 40 став 1 и 2 со кои се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за општествено - политички систем поднесе амандман за поместување на членот 22 по членот 10 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 7 член 9 став 2, член 30 став 1 и на член 40 став 1 и 2, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандмани во насловот на законот на член 6 став 1 и 2, член 8 став 3 и за додавање два нови става,член 9 за додавање шест нови членови по членот 9 за додавање нов член по членот 10. Член 12 став 2, и за додавање нов став по ставот 4. Член 18 став 1 алинеја 1, член 26 став 1, член 32, став 1, член 34 став 1, член 37 за додавање нов став по ставот 1, став 2 и за додавање нов став по ставот 3, и за додавање нов член по членот 39.

Пратеничката група на ПДП поднесе амандмани на член 7 и член 12 за додавање нов став по ставот 1.

Комисијата за општествено - политички систем поднесе амандмани на член 12 став 2 и 3. Член 23 став 2, и на член 25 став 1.

Пратеничката група на Илинден - слободни демократи, поднесе амандмани на член 6 став 1 и 2, член 8 став 3 и за додавање два нови става по ставот 3. Член 9, член 37 за додавање нов став 2 и за додавање нов член 39-а со кој Владата не се согласила, односно не се произнела

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 2, член 3, член 12 став 2 и член 41 став 2.

Пратеникот Гулистана Јумеровска, поднесе амандмани на член 10 за додавање нов став 3 и на член 12 став 2 со кој Владата не се согласила, односно не се произнела.

Пратеникот Драги Арсов, поднесе амандман на член 7 со кој не се согласила Владата на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Законот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Законот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот,затоа што смета дека зборот "остварувањето" е посоодветно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го прифаќа претставникот на Владата.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа Владата

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го прифаќа претставникот на Владата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и 2, поднесен од Пратеничката група на Илинден - слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го прифаќа претставникот на Владата.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од пратеничката група на Илинден - Слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Пратеничката група на ПДП.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 поднесен од Пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3 и за додавање два нови става, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8, став 3 и за додавање два нови става, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3 и за додавање два нови става по став 3 поднесен од Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 3 и за додавање два нови става по став 3 поднесен од Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од Пратеничката група на Илинден Слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот за додавање шест нови членови по членот 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(7 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање шест нови членови по членот 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10, за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Гулистана Јумеровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го прифаќа претставникот на Владата. Дали некој друг бара збор?

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, содржината на предложениот амандман е следната. Советот ја прати работата на секој судија по бројот на решени предмети, квалитет и ажурност во работата. Ова се додава во член 10 после ставот 2 и имаме нов став 3. Образложението на овој амандман е следниот. Бидејќи согласно член 105 од Уставот на РМ судскиот совет ги предлага за избор и разрешување на Собранието на Република Македонија сите судии. Неопходно е потребно судскиот совет сам да ја води евиденцијата преку својата стручна екипа. Ова го зборувам од причина што ова ќе биде посебен орган кој што сосема независно ќе ја врши работата од Министерството за правосудство, така што е потребно оваа евиденција да располага со неа сам, а не и да ја позајмува од Министерството за правосудство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Амандманот не го прифаќаме од следните причини, затоа што ако го прифатиме ќе направиме судскиот совет да води паралелна евиденција како што води и Министерството за правосудство. Согласно на член 104 и 105 од Уставот на Република Македонија на Судскиот совет не се дава таква ингеренција. Единствено Министерството за правосудство согласно на Законот за извршување на стопанските престапи и кривичните санкции е надлежно да извршува и води евиденција на извршените кривични санкции по службена должност, што е дадено само на Министерството кое, како судска управа има право да ја води таа евиденција. Ако на Судскиот совет дадеме и такви ингеренции, повторно ќе го претвориме во нешто друго што не пред- видува Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Гулистана Јумеровска.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член по членот 10 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член по членот 10 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од Пратеничката група на ПДП.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 2 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12, став 2 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 2 поднесен од пратеникот Гулистана Јумеровска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман. Има збор госпоѓица Јумеровска.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, ова е еден амандман што суштински го менува законот за Републичкиот судски совет. Неговата содржина е во член 12, став 2 шестиот ред, после зборот "Македонија" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат. Тие зборови што се бришат се практично мислењето на Министерството за правосудство и управа при избор на судии.

Согласно член 98 од Уставот на Република Македонија со што судовите се самостојни и независни органи од државната власт, како и согласно член 105 од Уставот каде што Судскиот совет непосредно на Собранието му предлага избор и разрешување на судии, за да нема мешање на сегментот на извршната власт во судската власт, мислам дека треба да отпадне мислењето од Министерството за правосудство и управа до спомнатиот совет.

Ова го зборувам од причина што нашиот Устав не дозволува избор на било каква Влада освен Влада од политички карактер. Сведоци сме на појавата каде голем број на судии веќе го избегнуваат вршењето на судската функција, сигурно што од причина поради нивниот нерешен материјално - финансиски статус, туку и од причина што во услови на често менување на влади се менува и карактерот на министерството за правосудство, односно политичкиот карактер на министерот кој доаѓа на чело на Министерството за правосудство и управа.

За да можат судиите најнепосредно да ја извршуваат својата функција, односно Министерството за правосудство и управа во еден значаен сегмент при изборот на судии да не даде мислење определено и од партиската припадност на министерот, предлагам да отпадне мислењето на министерот за правосудство и управа и на тој начин ќе се изврши комплетно немешање на било каков сегмент од извршната во судската власт и судството ќе може да ја извршува својата функција независно. Јас ќе ве молам да гласате за предложениот амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Воопшто не станува збор за таква конотација на самиот амандман. Министерството за правосудство само дава едно мислење затоа што води евиденција на завршени предмети. Мислењето што го дава Министерството, ако некој внимателно го прочитал, во Законот не значи задолжително што мора да го почитува судскиот совет. Тоа претставува само едно збогатување на* информациите со кои што располага министерството, а никако да значи и тоа, како што велите, од значење при избор на самиот судија.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, го респектирам мислењето на нашиот министер, меѓутоа мислам дека во овој случај Министерството за правосудство и управа и те како влијае при изборот на судии, односно неговото мислење во овој случај, според мене, би било најрелевантно Бидејќи, во овој случај, ако го прочитаме во членот 12 став 2 кој се дава мислење,тоа е,пред се органот или друго правно лице во кое работи. Тоа е работната средина на самиот судија, потоа повисокиот суд како и Врховниот суд на Македонија. Така што не е толку незначително мислењето на Министерството на правосудство и управа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека амандманот е сосема оправдан заради тоа што ако утврдивме независност на законодавната и извршната и судската власт, токму постоењето на Министерството за правосудство е најголем парадокс во спротивност со Уставот, бидејќи судството е независно, и нема право извршната власт, и било какви ингеренции и компетенции да има во поглед на судската власт. Бидејќи судиите ги избира Собранието, а тоа е независно, сметам дека е оправдано. Тоа мислење е прифатено на Комисијата за политички систем, при изборот на судиите воопшто да не се зема предвид односно да бидат избришани зборовите во Предлогот на законот каде што се предлага добивање мислење и од Министерството за правосудство. Тоа е пред се, заради тоа што судството е независно, а изгледа и со реорганизација на Владата прашање е дали воопшто ќе постои Министерството за правосудство.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Образложението на амандманот што е предмет на расправа евентуално би држело кога судскиот совет би го вршел и изборот на судиите. Во тој случај можна е опасноста од манипулации.

Меѓутоа, во рамките на решенијата што се предложени овде, евидентно е дека изборот, одлуката за избор на судии се донесува во ова Собрание, независно од предлогот и процедурата што ќе бидат утврдени. Значи, Парламентот треба да донесе одлука за избор на конкретен судија, по име и презиме. Мислам дека тоа треба да се има предвид.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, мислам дека е општо познато во овој Парламент дека Парламентот го врши изборот на судиите од проста причина што и досега тоа го вршеше.

Меѓутоа, прашањето на селекцијата која исто така е многу значаен сегмент при изборот на судиите, во овој случај го врши Републичкиот судски совет. Тоа сигурно не е за занемарување. На секое пријавено место за судија сигурно дека не се јавува само еден кандидат, туку повеќе кандидати. Токму ценејќи ја стручната способност на тоа тело, ова Собрание својот избор го базира на тоа стручно мислење. А, меѓу сите пријавени кандидати, бидејќи сите ги задоволуваат стручните квалификации или некој повеќе отскокнува а некој помалку, мислам и те како е значајно секако да биде по- нуден значаен и доброобразложен предлог од Републичкиот судски совет. За да тој дојде до него,* од многу предлози, тогаш е значајно да отпадне мислењето на Министерството за правосудство и управа.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Мислам дека амандманот е од суштинско значење и спротивно на мислењето на мојот колега Наќе, мислам дека тука треба да се прави разлика помеѓу утврдување предлог врз основа на податоци, и тие податоци мислам дека треба да ги даде и ги дава Министерството за правосудство.

Меѓутоа, тука треба да се направи подобрување на текстот и Министерството за правосудство да не биде во контекстот на давање мислење, затоа што тука веќе, бидејќи според последниот став на членот 12 предлогот се утврдува независно колку има пријавено кандидати, предлогот се утврдува за толку места колку што се избираат, тоа значи половина избор. Ако не и повеќе од половина избор. И, оправдано се поставува сомневањето тука дека со самото утврдување на предлогот веќе се прејудицира еден избор што Собрани- ето треба да го верификува.

И, конечно да заклучам, се залагам за решение кое нема целосно да го исклучи Министерството за правосудство во поглед на давање податоци, но и нема да го вклучи во контекстот на давање мислење за избор. Ако успеав да бидам јасен, го поддржувам Предлогот на амандманот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа што некои пратеници сметаат дека утврдување на предлогот е половина одлука пред ова Собрание, зависи од совесното однесување на пратеникот во Парламентот. Што ќе рече дека пратениците треба мериторно да размислуваат и одлучуваат по предлог на одлуките.

Тоа што некои пратеници се ставаат во позиција се што ќе се сервира како предлог одлука и го усвојат, тоа е прашање на личноста на пратеникот и на неговиот однос спрема сопствената работа што ја имаат. Само толку. А, да се става тоа во контекст да се институционализира, мислам дека не држи.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Гледано лично, тргнувајќи од принципиелниот став за немешање на извршната и судската власт, посебно во постапката за избор на судии, а исто така и недвосмисленоста во заложбата за самостојно и независно судство и отстранување на сите причини што можат истото да го загрозат, го поддржувам амандманот.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Мислам дека прашањето не е без основ што се дава акцент на тоа дали во постапката за предлагање на судии треба да биде релевантно мислењето на министерството за правосудство.

Ако појдеме од основното начело дека имаме поделба на власта и не треба овие меѓусебно да се преплетуваат, тогаш во најмала рака, бидејќи го немаме реорганизирано Министерството за правосудство, тоа во него има два антипода, во него е содржано Министерството за правосудство и Министерството за управа односно правда, тогаш треба да раздовиме она што дефакто нам во оваа позиција ни дава што е можно подобри стручни податоци за кандидатите кои се предлагаат.

Оттука, бидејќи целата евиденција и сето тоа е врзано за Министерството за правосудство, оттука,податоците за кандидатот кои се предлагаат за судии можат да ги дадат, меѓутоа, квалификатив дали тоа лице може да биде избрано или не од Министерството за правосудство не би смеело да се прифати ако мериторно при составување на предлогот што Судскиот совет треба да го утврди. Тоа е една работа што треба да ја разлучиме.

Второ, дефакто што во пракса не може да се спроведе,

Министерството со вака формулираниот член судскиот совет добива право да дава оценки и за лица за кои не би можело, врз основа како што вели министерот, на евиденцијата во Министерството за правосудство, за ажурноста, бројот на предмети итн. да дава мислење, бидејќи нормално за судии можат да бидат предлагани и оние кои не се во органите на правосудството а ги исполнуваат условите што ќе бидат предвидени со Законот за судството.

Оттука, мислам дека не случајно две значајни работни тела, ЗПК и Комисијата за политички систем ставиле акцент на ова прашање, со тоа што Комисијата за политички систем ја исфрла можноста Министерството за правосудство да дава мислење, а не и онаа доставка што значи евиденција, податок за ажурноста, работењето итн. на кандидатот, без

квалификатив дали може или не може да биде избран. Незнам дали сум јасен.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Прво, јас сум против поднесениот амандман. Права си е и издржана одредбата, се работи за мислење од правосудство кој орган уште се вика и за управа. Мислењето не е мешање во власта. Ако вака почнеме, ќе го замислиме судството вон од територијата на Македонија.

Работејќи директно на оваа материја од верифицирање на мандатот, утврдување на предлог, директно Комисијава за избори и именувања. Повеќе мислења и од било која средина се корисни и по- веќе придонесуваат отколку што штетат. Конкретно, ако се затворат мислењата само од правосудство, односно од судовите, според новото, тогаш имаме еднострани мислења. Сметам дека тој што ја води евиденцијата во оваа уставна поставеност, #овој орган може само да користи со своето мислење, необврзно. Може да дојде до спротивни мислења, и да се избере одреден квалитет. Вака имаме избрани судии, одам кај претседателот на судот, ме прашува како сте го избрале, никого не променивте. Па, за секого најдобра оценка давате. Единствена можност има кога судот ќе даде, Врховниот суд и конкретно Правосудството да се разидат и тогаш може да се врши проверка и да има нов квалитет.

Сметам дека најлогична, најпотребна, ние не одиме до таква отуѓеност, сметам дека секое мислење е корисно бидејќи се избираат постојани судии. Многу корисно е, не е обврзно, може да користи при изборот, а не да штети. Затоа сум против амандманот.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ**:

Се согласувам дека пратениците треба да одлучуваат мериторно и по своја свест, но само да ве потсетам, за две години практика тука само

денеска имавме случај да не изгласаме една одлука за разрешување и именување, а сме изгласале стотици и  стотици.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Да ви кажам искрено, читајќи го вториот став на член 12 се убедив дека ставот 2 треба да заврши каде што пишува: "Предлогот од став 1 на овој член Советот го утврдува врз основа на податоците на постигнатите резултати во работата на судијата1'. Не би сакал да бидам во кожата на тие членови на Советот кои што ќе се соочат во практиката со спротивставени мислења на наброените органи, па ќе имате позитивно мислење од Врховниот суд, негативно мислење од Општинскиот суд, негативно мислење од органот каде што тој работел и позитивно мислење од Министерството за правосудство. И сега дојдете и разберете се што е што, во квалитетот на човекот, кој го предлагаме или не го предлагаме за судија.

Според тоа, мислам дека најмала грешка ќе направиме ако го прифатиме амандманот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека и претходната дискусија со варијантите кои доаѓаат предвид какви мислења ќе се даваат, од една страна може да се сфати како причина да постои мислење од соодветното Министерство за правосудство и управа за изборот на кандидатот. Исто така сум на мислење, можеби ние ја глорифицираме улогата на Министерството за правосудство дека нејзиното мислење ќе биде она кое нас како пратеници овде ќе не насочува затоа што тоа е едно од шесте тела кои даваат мислење. Дава мислење Советот, дава мислење организацијата каде е вработен, дава судот, дава повисокиот суд, Врховниот суд и Министерството како шесто. Мислам дека ако забелешката ќе влијае политиката и политичките партии заради политичката припадност на министерот кој во претходниот мандат беше од една партија, сега е од

друга, тоа е сосема нерелевантно затоа што составот на Собранието е на политички партии. Ако ние сакаме да избегнеме влијание на политиката во одлучувањето за судиите тогаш да не ги избира Собранието, зошто министерот е од една партија, меѓутоа треба да има предвид дека Собранието е составено од партии, ако го исклучиме Министерството пак ние ќе одлучиме, а не сме три или четири независни, а сепак доминантно во Собранието се политичките партии кои на крајот на краиштата пак ќе мора по тој критериум ако веќе се употребува или јас мислам се злоупотребува по политичка припадност, Собранието е сепак составено од пратеници кои членуваат во одредени политички партии и за- тоа мислам дека е добро кога имаме веќе пет предлози да имаме и од еден орган кој е директно под наше влијание, да речеме избрано од нас, на кој ние можеме да му веруваме итн.

Го поддржувам основниот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето на овој амандман мислам дека треба да не натера посериозно да замислиме во која ситуација ние ќе се изјаснуваме по него и воопшто овој закон што го донесуваме. Ние треба да сфатиме дека сега донесуваме закон за судски совет кој наскоро ќе не доведе до тоа да именуваме судски совет кој ќе предлага судии за доживотно вршење на функции. Според тоа, не е тоа една ситуација која ќе ја промени министерот или министерството или Владата или владиното мнозинство или вака или така, и иста ситуација ќе биде. Нема да биде иста ситуација, т.е. ќе бидат именувани судиите доживотно и ќе треба некои други работи да се прават и, ќе се прават веројатно ако остане во надлежност да дава мислење и министерството. Затоа мислам оти не е тоа толку значајно за Владата да бие битка тоа да го задржи, а многу е позначајно за еден принцип за кој ние треба до крај да се избориме  Министерството за правосудство да нема

така да речам било каков материјален карактер или надлежност над судството и во врска со судството, туку да има само управни работи во таа област и таму да помага колку може.

Јас советувам ако е можно, Владата да го прифати овој амандман, тоа би било најправилно решение да не не тера да гласаме.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Јас не знам од каде се извлече заклучокот дека Владата грчевито се бори да ја задржи оваа ингеренција околу давањето мислење од страна на Министерството за правосудство при изборот на судиите кои што имаат не доживотен туку траен мандат. Значи, не до крајот на животот туку до крајот на работниот век. Ова го велам да нема забуна бидејќи беше употребен тој термин пред Малку. Владата нема некој посебен интерес тоа да го прави особено нема Министерството за правосудство и исто така принципиелно се поставува прашањето, имено како еден од клучните аргументи, зошто тоа не би требало да биде така како што е предложено во основниот текст на законот. При образлагањето на амандманот од страна на госпоѓицата Гулистана Јумеровска, а потоа и од некои други пратеници, беше изнесен како клучен аргумент одделеноста или независноста на трите носители на власта. Тоа се: законодавната власт - Парламентот, извршната власт - Владата и судството. Па се смета ако Министерството за правосудство дава мислење има преплетување на ингеренциите меѓу извршната и судската власт. Меѓутоа, ајде да ја изведеме работата до апсурд. Ако со тоа што Министерството за правосудство се смета дека влегува со своите ингеренции во судската власт, што прави законодавната власт, односно ова Собрание што го има клучниот збор при изборот на судиите. Какво мешање на ингеренции тогаш има помеѓу законодавната и судската власт. Или, со

други зборови, ако ова Собрание има право на избор дали Владата - извршната власт има право на давање на мислење. Мислам по истиот резон со истите аргументи со кои што се бранеше амандманот јас сега се навраќам уште еднаш.

Убаво беше речено дека покрај другите субјекти кои даваат мислење се спомнува и Министерството за правосудство. Таму кај субјектите кои даваат мислење се напоменува Врховниот суд, Општинскиот суд, се напоменува дури и работната организација во која што кандидитот работи, а која што не мора по силата на нештата да биде од сферата на судството. Па се вели, може да биде кандидат од некоја работна организација од стопанството итн. Дали можеме да одиме кон тоа дека е битно мислењето од работната организација од каде што работи кандидатот, а да сметаме дека е небитно мислењето од Министерството за правосудство. Така да секогаш кога сметате дека Владата се обидува на разно разни начини да пригради за себе повеќе ингеренции, помислете на улогата на законодавната власт, односно на вашата улога и кои ингеренции вие ги задржувате и преплетувањето на тие ингеренции со судската власт.

Ова го говорам само на принципиелни основи, ниту да дадам клучни аргументи зошто амандманот не треба да биде прифатен туку едноставно дека ќе доаѓаме во ситуации во кои што тешко ќе можеме до крајност да го изведеме принципот на независност на трите носители на власта. По тој принцип на крајот можеме да кажеме следното: Тогаш не треба ова Собрание да ги бира судиите, Судскиот совет ќе ја има и предлагачката. улога и предизборната улога. Тогаш судиите ќе бидат апсолутно независни. Тогаш ќе се постави прашањето, да, ама членовите на Судскиот совет ги бира ова Собрание итн. итн. Ова го кажувам за да не се помисли бидејќи така се доби впечаток дека Владата се труди да ги задржи ингеренциите кај себе.

**ДИМИТАР ТРПЕНО.ВСКИ;**

Почитувано претседателство, почитувани колеги пратеници,

Бидејќи сакаме оваа теза да ја развиеме на еден демократски начин и навистина да ги одредиме пунктовите во тој триаголник на власта законодавна, извршна и судска, се поставува следното прашање: однос законодавна и извршна власт.

Прво, законодавната власт е составена од пратеници кои што се носители на политичкиот суверенитет на граѓаните. А, Владата е из- брана од Собранието и има дел од политичкиот суверенитет кој што и го дале пратениците на ова Собрание. Според тоа, Парламентот претставува и законодавен орган, но претставува и орган што содржи во себе политичка волја на граѓаните. Сега во тој триаголник каде што велиме законодавна, извршна и судска власт во името на демократскиот модел на транс- формирањето на стариот модел сакаме да воспоставиме едно разграничување односно да основаме независно судство. Владата не може да биде независна од Парламентот, независно судство како мото на граѓанското општество. Мислам дека, со ова што сега разговараме, дали е потребно или непотребно мислење на Владата до Судскиот совет, мислам дека Владата со ништо не е исклучена да даде свое мислење тогаш кога по предлог на Судскиот совет ова Собрание ќе расправа за одреден судија. Така да, Владата, има веќе легитимитет и присутност во Собранието и со ништо не е исклучена, меѓутоа се прави еден квалитетен скок со тоа што извршната власт не сака да навлегува во судството барем директно преку Судскиот совет, односно го реализира моделот на независно судство. Компетентно, професионално да се искаже за одреден судија, за одредена личност, а мислењето н"а Владата ја респектирам, но тоа треба да биде пласирано на Собранието. И, мислам дека со ова ние оваа енигма ја решаваме и на релација на формирање на вистинско независно судство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, се јавуваат пет пратеници со дигање на рака за расправа по оваа точка. Јас сепак предлагам ние сега да одиме на пауза од еден саат и ќе продолжиме по тоа. Предлагам да продолжиме со работа во 15 часот.

(Паузата започна во 13,30 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15,25 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да си ги заземат своите места, а стручните служби да ме известат колку има присутни пратеници во салата.

(стручните служби ги бројат присутните пратеници)

Во тек е претресот по амандманот на член 12 став 2 поднесен од пратеникот Гулистана Јумеровска.

Збор бараше г-ѓица Гулистана но се откажува. Бидејќи господинот Неделковски ја приложи дискусијата, а не ви е познато што рекол, а е приложена заради економија на времето овде јас него го прашав дали спомнува имиња и дали некого лишуваме од право на република за да може евентуално да се оправда. Тој ми потврди дека не ми спомнува имиња и дека нема основа за такво сомневање. Според тоа секој може да ја запознае неговата дискусија односно да го запознае текстот на неговото излагање кое ќе биде внесено во стенографските белешки.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во излагањето по однос на предложениот амандман, од оние кои што го оспоруваат беше кажано дека ако Парламентот е повеќе партиски и како надлежен орган утврден со Уставот го врши изборот на судиите, што значи ја пренесува повеќепартиската структура и на судиите кои ги избира иако во Уставот, судството е дефинирано како независно тогаш нема никаква логика правото да дава мислење за избор на судии да се одзима од страна на Владата бидејќи таа како повеќепартиска е предложена и избрана од

повеќепартискиот парламент.

На ова би сакал само да го додадам следното, меѓутоа во прилог на усвојување на предложениот амандман, а тоа е:

Точно е дека Парламентот е повеќепартиски па и Владата, меѓутоа пратениците не одлучуваат ни според мислењето на Владата ниту според мислењето на политичките партии, туку како што е утврдено во ставот 3 од членот 62 на Уставот каде стои "пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување". Впрочем, сите гласаат или треба да гласаат како независни, независно што официјално 3-4 се независни односно 5 пратеници а на другите им стои продавката за припадност кон одредена политичка партија. А за тоа кој требаше да ги бира судиите и дали воопшто да постои Републички судски совет сега е ирелевантно, затоа што претходно требаше да претстои договор со уставотворците што го предложија ваквиот устав со таква структура на институции во поглед на правосудството, пред се бидејќи предлагачите се припадници на коалионата партија, Влада, а припадници се и на една политичка партија која е во коалиција во таа Влада. Впрочем, сега се покажува на логичноста на постоењето на една таква институција заради тоа што токму постоењето на еден таков совет ја зголемува несигурноста кај било кој судија заради тоа што отвора можност при промената на партиската структура во овој Парламент за 80% да може да се донесе нов устав во кој што повторно ќе се предлага нов генерален реизбор на сите судии за да може и истите новоизбрани да ја одразуваат ново конституираната партиска структура на новоизбраниот Парламент. Затоа сметам дека тргнувајќи од уставната

определба дека пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување би требало да се прифати предложениот амандман со онаа модификација што ја има предложено во својот амандман Комисијата за општествено - политички систем како поегзистентна, бидејќи опфаќа и еден збор "судии", да се замени со зборот "лицата", за да не произлезе дека право на пријавување за избор на судии имаат веќе постоечките судии, туку тоа право го имаат и сите граѓани. Затоа мене ми се чини дека би требало да се направи еден компромис. Амандманот од пратеничката Гулистана Јумеровска, формално правно доколку претставникот на Владата тоа го прифати да биде повлечен да биде инкорпориран во истиот амандман на комисијата за општествено-политички систем и тоа ова собрание да го поддржи со потребното мнозинство на гласови.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Да не правиме секој сопствено толкување на самиот Устав и да бараме некои чудни решенија Владата го прифаќа амандманот на Комисијата за општествено - политички систем за да ја надминеме состојбата. Г-ѓицата Гулистана го повлекува амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, госпоѓицата го повлекува амандманот.

Престануваме со расправа по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2 и 3 поднесен од комисијата за општествено - политички систем.

Тоа е амандманот што го прифаќа Владата. Тоа е составен дел на текстот на законот, по кој немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2 и за додавање нов став по ставот 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Дали го повлекува господинот Петров овој амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Јас го задржувам само вториот дел од амандманот, а тоа е по ставот 4 да се додаде нов став 5 во членот 12, кој што ќе гласи: "Советот го известува Собранието за сите пристигнати кандидати за секое огласување за избор на судии и мислењето и оценките од ставовите 1 и 2 на овој член".

Со овој предлог се овозможува на Собранието, како овластен орган утврден во Уставот да може да го добие прегледот на сите кандидати кои што се пријавиле на распишаниот конкурс за избор на судии за секое судиско место. Тоа не е во спротивност со членот од Уставот кој му дава на Републичкиот судски совет да предлага судии заради тоа што во член 13 кога предложениот кандидат за избор на судија не го добие потребното* мнозинство на гласови Собранието на Република Македонија Советот утврдува нов совет за избор на судија, меѓутоа од тие што веќе биле пријавени на прво распишаниот конкурс. Бидејќи Собранието го распишува конкурсот за избор на судии, а не Републичкиот судски совет сметам дека е упатно независно што Републичкиот судски совет за секое место ќе утврди еден кандидат пратениците да ги добијат односно да бидат известени за сите пристигнати кандидати за секое огласување на избор на судија и мислењата и оценките од ставовите 1 и 2 на овој член од органите и институциите утврдени. Затоа предлагам пратениците да го прифатат предлогот по ставот 4 да се додаде нов став 5 што го прочитав пред малку

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, тоа не го кажувам намерно, го повлекувам зборот, сигурно претседателот предвиде, Законодавно - правната комисија на член

12 има дадено свој амандман на став 2 каде говори после зборот "судија" останатите зборови да се бришат до крај. Ова што .....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, по тој амандман се изјасни Собранието на гласање. Мислам дека гласаа само 6 мина пратеници. Не можеме да го враќаме сега. Ќе видиме во стенограмот колку пратеници гласале за амандманот. Само, толку беа. 8 или 6. Повелете по овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ова што го предлагаат сега...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Петров предлага.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин Петров и она што го прифати Владата да стане составен дел кога еден амандман во тек на седница се прифати ќе треба да се даде можност по него да се произнесат и пратениците. Овде министерот прифати амандманот на Комисијата за општествено- политички систем.... тука јас сакам да кажам за тој амандман

**СТОЈАН АНДОВ:**

После тој, не е на претрес сега.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам претседателе, како не е на претрес

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сега расправаме за амандманот на член 12 став 2 и за додавање нов став по ставот 4 поднесен од господинот Тодор Петров во кој предлагачот го поднесе амандманот на став 2 и остана само на она што се додава како нов став после ставот 4. Според тоа овој амандман не се

однесува на член 12 став 2. Тоа е веќе апсолвирано, Немаме таков предлог, нема расправа сега за тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас реков, вие пребрзавте, на време нема нема, и отидовте. Сега што ќе стане со....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас господине Стојановски незнам дали вие бевте во салата кога беше тој амандман изгласан. Убаво ја изведов постапката и имаше само 8 пратеници за амандманот или 6 беа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, сега кога решаваме по амандманите, ако е напра- вена промашка од моја страна....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ми дозволите....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама дајте да ви објаснам. ..

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, ако е за објаснување јас на вас ќе ви објаснам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа не можете вие мене да ми објасните. Немате право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе си го задржам правото кога ќе дојде по текстот....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте ве молам за она што е на дневен ред. Амандманот на господинот Петров. Повелете, за тоа зборувате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Претседателе, дозволете, викате дека отишло, отишло. Сакам да

задржам право кога ќе дојде поединечно, сега решаваме по амандман, кога ќе дојде да се решава за законот ќе се јавам тогаш за збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така, така. Тоа ќе ви го објаснев, затоа што тоа е вашето деловничко право.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, мислам дека овој амандман заслужува внимание, меѓутоа во ваква содржина: "Советот го известува Собранието за сите пристигнати кандидати за секое огласување за избор на судија". Ова од причина што Собранието, без предметно селекцијата ќе се изврши во Републичкиот судски совет, меѓутоа бидејќи тој кандидат не мора да биде избран од ова Собрание, а сепак повторно кандидатурата ќе се сведе на оние кандидати кои што веќе приложиле документи мислам дека не би било лошо паралелно со избраниот кандидат односно кандидатот кој што ќе биде предложен од страна на Републичкиот судски совет да бидат доставени имињата на оние кои што конкурирале на оваа функција без претходно мислењата и ставовите на ставовите 1 и 2 на овој член. Мислам дека предлагачот исто така би се согласил со тоа од причина што не би се створила преписка, а сепак би останало правото на Републичкиот судски совет да предложи само еден кандидат од предложените.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ве молам, да не ги мешаме судските ингеренции. Републичкиот судски совет е предлагач за изборот, а не известител. Ако прифатиме секој кој учествува во конкурсот за избор на судија Собранието да го гледа мислам дека е непријатно и за личноста и ја промашува мериторно ингеренцијата на Републичкиот судски совет. Републичкиот судски совет е

меритоерн да предлага, а Собранието да расправа по предлозите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дозволете да укажам само на овој многу важен аргумент. Се прибираат разни мислења дали секој што се јавил на конкурс сака да се знае дека изгубил затоа што и тоа е голема работа. Некој си останува на пример адвокат. Не сака да се знае тоа. Некој сака, некој не сака. Кандидирањето е една работа, друго е изборот, тоа се многу важни работи.

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој понатаму не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (6)

Дали е некој против? (никој)

Констатирам дека Собранието не^ го усвои амандманот на член 12 став 2 и за додавање нов став по ставот 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

- Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 алинеја 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2 поднесен од Комисијата за општествено -политички систем.

Молам, дали некој бара збор? (не бара)

Амандманот го ставам на гласање, молам кој е за амандманот да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 2 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

- Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 под- несен од Комисијата за општествено - политички систем.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот да крене рака. (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 25 став 1 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот нека крене рака? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака. (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 32 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 37 за додавање на нов став 2 поднесен од пратеничката група Илинден слободно

демократи

Молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот. (не го прифаќа претставникот на Владата.)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање

Кој е за молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за додавање нов член 39-а поднесен од пратеничката група Илинден слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 2 поднесен од Законодавно правната комисија

Молам претставникот на Владата да се произнесе

(Владата го прифаќа овој амандман)

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот Се разбира сега по текстот на предлогот на законот се и сите амандмани што ги прифаќа Владата и амандмани што ги донесе Собранието

Молам дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе се извинам не слушнав дали амандманот од Законодавно правната комисија на член 30 од овој закон беше предмет на расправа од ова Собрание или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На кој член?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Член 30 став 1.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е, Законодавното правната комисија поднесе амандмани на член 7 на член 9 став 2, на член 30 и став 1 и на член 40 став 1 и 2 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот. Така на нема зошто да го давам на изјаснување господине Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се враќаме сега на член 12. Дозволете ми годподине претседателе, сакам да имаме едно достоинствено однесување .На другите пратеници задржете си го правото да им се обраќате одете си на место, седнете си, јас ќе ви објаснам, јас ќе ви кажам , во иднина тоа према мене да го немате. Досега јас ниту сум ви рекол да се симнете од таа говорница од таму ни да дојдете овдека ниту да одите некаде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се додека е постапката во прашање,јас го имам тоа право. За збор немате право ова сега што го зборувате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас барам едно однесување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе добиете збор за нешто треба да зборувате за тоа што сте добиле збор, или да си ја напуштите говорницата. Инаку узурпирате не му давате право на друг да зборува за тоа исто што расправа Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ве замолив господине претседателе, ништо друго. Сега користам прилика да ве замолам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие зборувајте само за тоа што сте добиле збор. Вие сте правник, вам не чини да ви објаснува човек.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас незнам до каде ќе има однос на човек према човек.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дајте да ја терам работата. Баравте збор, ви дадов збор. Зборувајте за тоа што сте добиле збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОСВКИ:**

Господине претседателе ќе имам време и начин ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не треба со мене да водите дијалог, господине Стојановски.

Имате збор, зборувајте за законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сфатете дека човек со човек разговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде зборувајте што чекате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Беше прифатено за текстот од Комисијата за општествен надзор да се бараат мислења за кандидатите од работните колективи. Јас незнам од каде е овој термин работни колективи. Носиме закони а не водиме сметка за секое пријавено лице од судот, органот и друго правно лице во кое работи и од судот во кој се избира.

Дами и господа, ова ако дојде задолжително да се бараат овие известувања, па една работа човек кој ги исполнува условите да биде судија и да работи во една фирма каде се закачил со директорот ќе треба

Комисијата да отиде да бара од тој директор мислење дали овој човек ќе биде судија. А ќе добие одговор тој не заслужува да биде човек, а не судија. Ваш проблем е како ќе гласате. Господине Бојковски јас никогаш не се мешам во вашата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не дофрлувате, Збор има само оној кој е на говорницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не сакам да ме слушате. Тоа е ваша работа. Можете и да пеете и да се веселите. Меѓутоа мене не ме гибајте (се слушаат довикување од страна).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не довикувајте ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ.**

Овдека во прашање е дали ќе се бараат овие ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам морам да обезбедам да се ислуша говорникот. Има право да зборува, земал збор и му е дадено. Ве молам тишина. (се слуша дофрлување).

Немојте да дофрлувате господине Сејфедин.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас предлагам овој текст вака да не се прифати од чистљ работа што не од советот да се злоупотреби. Ќе се злоупотребат овие информации од изворите. Затоа не е потребно да се именува од каде ќе се бараат овие известувања. Во тоа е проблемот. Затоа предлагам овој текст вака да не се прифати.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, јас протестирам на начинот на кој почнавте да ја водите оваа седница. Мислам дека единствен начин да се

води седницата е да се почитува Деловникот за работа. Ние процедурално поминавме на членовите за кои претходниот говорник зборуваше, тој не беше во салата тука и не може сега да го злоупотребува правото деловничко на начин на кое го злоупотребуваше од оваа говорница, туку има право, бидејќи расправата не е заклучена да си поднесе амандман и евентуално да расправаме по тој амандман. Ако на ваков начин ја водиме расправата и повикуваме од оваа говорница после завршување на двочасовна расправа да не се прифати текстот мислам дека е тоа чиста политичка опструкција да не се донесе законот. Јас ве молам, претседателството е должно да внимава седницата да ја води согласно Деловникот за работа, а никакви хуманитарни, солидарни причини не помагаат со таа работа, затоа што ќе не одведат во други крајности, анархични што не можеме да работиме продуктивно и целисходно на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме. Прво, вие трега да соработувате и сите да се држите до деловникот, како и јас, ако сакате несметано да тече седницата. Видовте колку тешко господинот Стојановски да го доведеме во ситуација да зборува за тоа што добил збор. Тоа сами го видовте. Исто така тој не дозволува јас да објаснам што сум јас само надлежен да го спроведам деловникот, а тој ќе објаснел што јас треба да објаснам. Тоа се неубави работи и тоа смета на седницата. Ве молам само едно. Господинот Стојановски зборуваше да текстот на законот и има право заради тоа што амандманот кој што сме го усвоиле е дел од текстот на законот.

Друга работа е дали неговиот предлог, сега како да се измени тој дел од законот јас ќе го дадам на изјаснување и на претрес. Тоа не може да оди на претрес. Тој си даде писмен амандман. Тој си кажа свое мислење и

негова работа е како ќе си гласа. Така да не е прекршен деловникот. Работата ја водиме токму по Деловникот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немам намера најмалку да се раcправаме за некоја работа Јас само ќе се обратам на господинот Наќе, јас не правам опструкции, јас имам право да предложам за овој закон да се гласа, или да не се гласа. Дали за негов дел, дали за ова, јас го сфаќам и тоа право можам да го предложам. Ако некој мисли дека тоа не е така, нека најде оправдување во законот, а не во политички момент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Секој од вас може да каже зошто ќе гласа, како ќе гласа, за или против и зошто, а не може да бара на другите како ќе гласаат. Тоа е право на секого.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа што на член 12 амандманот на пратеничката Гулистана Јумеровска и на Комисијата за политички систем беше прифатен, да се брише мислењето од Министерството за правосудство и управа, во постапката за утврдување на предлог за избор на судија, заради целината на текстот кој што следи понатаму, предлагам министерот исто така доколку го прифати да стане веднаш составен дел на законот, доколку не Собранието да се изјасни, во членот 22 кој што е поврзан со тој член 12 кој што гласи: "на седница на совет кога се утврдува предлог за избор и разрешување на судија свое мислење даваат и министерот за правосудство и управа и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија".За да бидеме доследни на претходно усвоениот амандман на членот 12, предлагам амандман на овој член, со тоа што зборовите : "и министерот за правосудство и Управа", се бришат. На тој начин мислење од министерот

од правосудство и управа на седница на совет кога се утврдува предлогот, нема да има потреба, како што во член 12 немаше потреба министерството да дава мислење при утврдување на предлог за избор на судија.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Го слушнав и сметаме дека треба да се одбие ,затоа што почнавме до крајот на оваа седница да правиме крајна опструкција на донесувањето на самиот закон со сопствени видувања и толкувања за самите законски проекти за кои нема врска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Гошев дали добро го видовте амандманот. Сега е поделен текстот. Се однесува овде за избор, ние веќе добивме амандман, кој е усвоен, кој не овозможува да дава мислење за избор. За разрешување е друга работа. Ако Владата се изјасни дека не го прифаќа, тогаш ние се разбира, ќе го поделиме и ќе правиме пауза, Комисијата ќе ги гледа и ќе се *изјасни.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Сигурно јас како министер не можам да го кажам мислењето на Владата, бидејќи Владата го нема гледано овој амандман, а се поднесува во последниот момент при усвојувањето на самиот законски текст, па предлагам да направиме една пауза да се состане Владата да да заземе став, па јас согласно законот на Владата да го кажам и мислењето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам 15 минути пауза.

( ПО ПАУЗАТА )

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Едно укажување со една интервенција на предлог амандман овде предизвика потреба од пауза која ја посака претставникот на Владата, Владата да го разгледа овој амандман, таа го разгледа и сега 6и сакал да го чуеме ставот на Владата. Амандманот е поделен и го прочитавте.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Прво,протестирав за начинот на поднесувањето на амандманот, затоа што не беше ниту заверен во архивата, ниту ни беше дадена шанса да го видиме, а да расправаме бе[е навистина и неделовнички и сакам да кажам и тоа дека по аналогијата на правењето на членот 12, член 21, не е истоветна, тоа што формулацијата беше "Министерството за правосудство и управа, без кое судската управа не може да функционира ни судската власт, бидејќи тука станува збор за извршување на кривични санкции, на водењето на статистиката, на предлагањето на сите системски закони, во промената на законите итн.". А овде станува збор во членот 21 дека министерот како прв човек на правдата поради почитувањето на системот на поделбата на власта, на системот на рамнотежа и кочница, бидејќи ако сите власти една со друга немаат систем на рамнотежа и кочница секоја власт ќе функционира сама за себе и нема да има единство на власта, па оd тука сметаме дека ова мислење на министерот за правосудство ниту е задолжително ниту пак може да го почитува Советот, бидејќи согласно на целиот законски проект видување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, расправаме по амандманот.

Молам, дали уште некој друг бара збор?

Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не го прифаќам образложението на министерот по однос предлогот да не се прифати амандманот на господин Петров од следните причини. Член 22 говори за седница на Судскиот совет кога се утврдува предлогот за разрешување на судија, покрај другите да даде мислење и министерот за правосудство и претседателот на Врховниот суд. Овде ако се работи за разрешување, за одговорност, одговорноста е лична и претходно мислење за таква одговорност, додека истата не се докаже не треба да биде од никој. Одговорноста е врзана за извршување за некоја недозволена работа од страна на судијата. Ако се оди за разрешување надвор од неговата волја односно од неговото барање, тогаш зошто да решава некој друг, да се бара мислење од друг кога тој ќе има комисија која ќе одлучува за негова одговорност. Што со ова сака да се добие, да се направи еден меѓупростор, една меѓу власт, практично ќе се донесе однапред одлука дали некој е одговорен или не е одговорен. Затоа, јас го поддржувам предлогот на господин вие гледате дека Советот одлучува по свој наод и Петров и сосема е на место оваа ингеренција и на Врховниот суд и на Министерството да отпаднат.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас ќе ги изнесам уште следните дополнителни укажувања во прилог на усвојувањето на амандманот. Ние кога го прифативме и затоа ја направивме претходната пауза за усвојувањето на амандманот на комисијата за политички систем член 12, став 2, го прифативме односно самиот министер го прифати за да евентуално не пропадне гласањето по целиот закон, се прифати мислењето од Министерството за правосудство и управа да се брише ставот 2 од член 12 во постапката за утврдување во Советот предлог за, избор на судија. Сега, во член 22 се вели на седница на Советот кога се утврдува предлогот за избор и разрешување на судија, тоа значи дека не се работи само за избор туку и за разрешување. Меѓутоа, ако ја погледнеме точката б од втората глава од законот каде што се објаснува позицијата на разрешувањето на судиите ќе произлезе од член 14, 15, 16, 17 , мислењето на министерот за правосудство по однос за разрешување е ирелевантно воопшто непотребно. Еве зошто. Во член 14 вели дека Советот го разрешува судијата, ако сам тоа го побара. Ако тоа сам го побара судијата, мислењето на министерот за правосудство тука е непотребно. Понатаму, ако ги исполни условите за пензија во член 16 и ако некој судија ги исполни условите за пензија, повторно тоа е дефакто состојба за која мислење на министерот воопшто не е потребно.

Третата можност , ако е осуден за кривично дело за без- условна казна затвор од најмалку шест месеци. Ако некој судија се « огреши од позитивните законски прописи и направи кривично дело за кое е осуден на безусловна казна од најмалку шест месеци, повторно мислењето на министерот и управа е ирелевантно, не потребно. Затоа, сметам независно што во член 22 се работи за избор и разрешување на судија на седница на

Совет, имајќи го предвид прифатениот амандман на член 12 и за да на Собранието си остане доследен со целиот текст, композицијата на целиот текст на предлогот на законот, предлагам сепак, во член 22 да се прифати предложениот амандман, со кој зборовите "и министерот за правосудство и управа", ќе се избришат, затоа што е непотребно да стојат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го давам на гласање.

Кој е за, молам , нека крене рака. Пратениците креваат рака. 27 пратеници гласаа за овој амандман.

Амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас сметам дека мојата дискусија ќе биде во врска со текстот само принципиелно прашање би сакал да поставам. Дали во Владата сте имале усогласен став околу законот, бидејќи сега се поставува прашање на функционирање на соработката и ако не сте имале усогласен став околу законот, тогаш би било добро уште еднаш да имате таков став и да видите да го повлечете законот, незнам како тоа ќе биде ако не сте имале таков став.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата имаше едногкласен став и предлог како што е предложен законот и така стоиме. Јас како министер не смеам надвор од заклучоците на Владата да постапувам и цело време настапував од името и заклучоците на Владата која таа ги донесе на седница. Мислам дека едногласно беше усвоен таков предлог како што е сега

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нас не интересира ова прашање дека не го повлекувате законот и постапката оди понатаму

Дали уште некој друг бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)
48 пратеници гласаа за
Дали некој има против? (2)
Дали има некој воздржан? (28)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за Републички судски совет.

Молам, наскоро ќе мораме да прекинеме со седницата, за да би можеле утре да продолжиме со работа, а сега само ќе минеме на оваа точка 7, а утре ќе продолжиме со работата.

Минуваме на <u>**точка 7**</u> - <u>Предлог  на закон за судовите</u>.

Согласно член 98, став 5 од Уставот на Република Македонија Законот за судовите се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за општествено политички систем и Законодавно правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, една од компонентите на формулата за преструктуирањето на организационото подрачје на власта, судството претставува важно поглавје со кое што демократијата во македонското општество врши преструктуирање на правосудната власт. Оттука, законот за судовите го сметам за проект низ кој што се институциолизира уставниот постулат за поделба на власта или се преструктуира постојното организационо подрачје на власта. Ова е со цел афирмација односно рехабилитација на граѓанинот на неговите слободи или спречување на политичката власт да владее над граѓанските слободи.

Расформирањето на судството во независно судство значи во суштина воспоставување на елементарни институции на институтот правна држава, она за што се заклагаа во политичките програми сите политички партии како демократски модел. Идејата дека само со власт може да се

ограничува власт се реализира со моделот независно судство, со кое подрачјето на валста од триаголникот законодавно, извршна и судска се разграничува и се развива моделот на владавина на едно тело или на еден човек со сите облици на власта. Денеска на прагот на 21-виот век правната држава како демократска креација на граѓанското општество во суштина е мотото и моделот со кој демократи јата врши трансформирање на моделот на полициско партиска држава. Воспоставување на независно судство во суштина значи рехабилитација на правната држава во нејзините два облици, владеење на правото, наместо арбитрална политичка волја на идеолошките модели на владеење.

Правно регулирање на судската власт и ограничување на политичката власт со силата на независно судство. реафирмирање на независното судство значи и реализација на еманципаторск , цивилизациски проект на граѓанското општество со кое се штити граѓанинот, односно се рехабилитира индивидуата како политички субјект. Затоа што личната човекова среќа човекот си ја креира сам, затоа што луѓето не треба со сила да се тераат во сопствената среќа, туку човекот до својата среќа да доаѓа индивидуално, а со тоа и до сопствената одговорност. Со независното судство во суштина се ослободува граѓанинот и ова што е најважно што сакам да го кажам граѓанинот повеќе не ќе биде потопуван или изгубен во шумата на своите колективитети, класата, политичката партија, религијата и други и граѓанинот не ќе го гледаме како индивидуа поданик, гласач или како демократ во униформа во името на колективитетот, туку како слободна индивидуа заштитена од независното судство.

Заради тоа воспоставувањето на моделот на независното судство значи во суштина рехабилитација на институтот граѓанин, негово ослободување од доминација на политичката волја, на апстрактните

колективитети или на харизматски личности. Според тоа, со воспоставување на независно судство политичката власт се ограничува таа не може да се поклонува од политиката, туку станува своина на индивидуата на граѓанинот. Со воспоставувањето на независното судство, се воспоставува вистинска, а не декларативна анатомија на судовите, јакне професионалната правосудна функција, се рехабилитира граѓанинот како индивидуа и како политички субјект, а исто така се воспоставувааат основи за граѓанско општество бес кое што не може да се врши демократска трансформација на општеството.

**ПАМЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како претставници на граѓанска партија, Пратеничкава група на Реформистите сили на Македонија - Либерална партија доследно ќе се залага за целосно оживотворување на уставните одредби за независно и самостојно судство на во со Уставот утврдениот концепт на поделба на власта на законодавна, извршна и судска.

Пратеничката група на РСМ - Либерална партија исто така смета дека единствено како независно и самостојно судство тоа е гаранција за остварувањето и правната заштита на правата и слободите на граѓаните кои му даваат најбитно обележје на граѓанскиот концепт на нашиот нов устав.

Констатирајќи го гореспоменатото, неодминлива е потребата да истакнеме дека актуелната состојба во судството е обременета со елементи диктирани како негативни последици пред се од претходниот политички систем, што директно влијае врз прикажувањето и одбележувањето на судството како несамостојно и зависно од другите државни институции и политички органи. Пратеничката група на РСМ - Либерална партија е истрајна во определбите да се отстранат и надминат сите причинители кои даваат карактеристики на зависно и несамостојно судство, а посебно: укинување на надлежностите на државната извршна власт спрема судството,оневозможување на невидливото, задкулисно влијание на политиката во судството, афирмирање на загрозената моралност и достоинство на судиите во вршењето на судската власт исклучиво според уставот и законите, со средишен предмет на заштита,

а тоа се правата и слободите на граѓаните. Судската власт не само што треба да го штити граѓанинот од друг граѓанин во загрозувањето на неговите права и слободи, туку да го штити секој граѓанин во остварувањето на неговите со устав и закони утврдени права и слободи и гаранција за нивната заштита.

Нашите залагања за воспоставување на обновено, на нови граѓански основи засновано самостојно и независно судство во донесување на Предлогот на законот за судовите и потоа во неговото спроведување и доградување ги лоцираме на следните пунктови:

1. Пратеничкава група на РСМ - Либерална партија, тргнувајќи од граѓанската суштина на Уставот е уверена дека на естетски и морален план има потреба од надворешно појавно одбележување на судиите кои ќе бидат својствени само за нив и ќе ги разликуваат од другите учесници во судницата, а ќе го симболизираат нивното достоинство и самостојност 60" вршењето на судската власт, како и потребата пред стапување на должност судијата да се заколне во она во што верува, со што се бара да се постигнат квалитетите за секој судија да биде совесен, праведен и секогаш да ја бара вистината, на што не може да се обврзе ниту со Уставот ниту со било кој закон, бидејќи тоа се вон правни категории, а впрочем оваа традиционална обврска за судиите инаку е правило и е присутна во сите развиени граѓански држави со развиено самостојно и независно судство.

2. Пратеничката група на РСМ - Либерална партија, согласно уставно утврдениот концепт на строга поделба на власта, децидно е против ингеренциите на извршно - административната власт спрема судската власт. Во оваа смисла, ние го осудуваме било какво практично влијание на

извршната врз судската власт и не ги поддржуваме оние решенија во Предлог-законот, кои нудат надлежност на Министерството за правосудство и управа спрема судската управа, а посебно не надлежност во изборот на судиите.

Од овие причини, ние ќе се залагаме за трансформација на Министерството за правосудство и управа во Министерство за правда и управа чија функција треба да биде да го покрива правосудството како дејност и од управен аспект без директни ингеренции на надлежности спрема него.

3. Пратеничката групана РСМ - Либерална партија заради целосно постигнување на целта за независно и самостојно судство инсистира на финансиска самостојност на судството, што значи сопствени извори на финансирање независно од Републичкиот буџет,како што е сега решението во Предлогот на законот, како и автономија на судството во намената. и трошењето *"на сопствениот финансиски фонд независно од одлучувањето и преку финансирањето, влијание на извршната власт.

Со овие наши ставови, некои од нив изразени во конкретни амандмани, во целина земено даваме поддршка за усвојување на Предлог - законот за судовите, а за нашите неприфатени решенија, предложени од нас, за кои мислиме дека се на линијата на афирмација, доградување и јакнење на самостојноста и независноста на судството ќе се бориме во натамошното доградување на законската регулатива за судовите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сега е четири минути до пет часот. Имаме еден принцип да не се испуштат автобусите, да не се спие овде што е многу поскапо, предлагам ние сега да престанеме со работа, да продолжиме утре во 10 и ги молам пратениците кои не се тука да дојдат на утрешната седница заради потребното квалификувано мнозинство за донесување на овој закон.

(Седницата прекина во 17,00 часот).